# World Karate Federation

## Светска Карате Федерација

**Правила за Кумите и Ката**
**Ефективен од 01.01.2020**

СОДРЖИНА

**ПРАВИЛА ЗА КУМИТЕ** **3**

| | | |
|---|---|---|
| ЧЛЕН 1: | БОРИЛИШТЕ ЗА НАТПРЕВАР | 3 |
| ЧЛЕН 2: | ОФИЦИЈАЛНА УНИФОРМА | 5 |
| ЧЛЕН 3: | ОРГАНИЗАЦИЈА НА КУМИТЕ НАТПРЕВАРИ | 6 |
| ЧЛЕН 4: | СУДИСКИ ПАНЕЛ | 8 |
| ЧЛЕН 5: | ТРАЕЊЕ НА БОРБАТА | 9 |
| ЧЛЕН 6: | БОДИРАЊЕ | 9 |
| ЧЛЕН 7: | КРИТЕРИУМ ЗА ОДЛУКА | 12 |
| ЧЛЕН 8: | ЗАБРАНЕТИ ОДНЕСУВАЊА | 13 |
| ЧЛЕН 9: | ПРЕДУПРЕДУВАЊА И КАЗНИ | 19 |
| ЧЛЕН 10: | ПОВРЕДИ И НЕСРЕЌИ НА НАТПРЕВАРИТЕ | 17 |
| ЧЛЕН 11: | ЗВАНИЧЕН ПРОТЕСТ (ЖАЛБА) | 18 |
| ЧЛЕН 12: | ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СУДИИТЕ | 21 |
| ЧЛЕН 13: | ПОЧЕТОК, ПРЕКИН И КРАЈ НА БОРБАТА | 23 |

**ПРАВИЛА ЗА КАТИ** **32**

ЧЛЕН 1: БОРИЛИШТЕ ЗА НАТПРЕВАР ВО КАТИ 32

ЧЛЕН 2: ОФИЦИЈАЛНА УНИФОРМА 33

ЧЛЕН 3: ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАТА НАТПРЕВАРИТЕ 34

ЧЛЕН 4: СУДИСКИ ОДБОР 35

ЧЛЕН 5: КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА 35

ЧЛЕН 6: ВОДЕЊЕ НА БОРБИТЕ 36

ПРИЛОГ 1: ТЕРМИНОЛОГИЈА 37

ПРИЛОГ 2: ГЕСТИКУЛАЦИИ И СИГНАЛИ СО ЗНАМЕТО 40

Објави и сигнали на судијата во борилиштето 46

Сигнали со знамињата 48

ПРИЛОГ3: ДОДАТНИ ПОЈАСНУВАЊА ЗА РЕФЕРИ И ЏАЏИ 52

ПРИЛОГ 4:ЗНАЦИ ЗА ПИШУВАЊЕ НА ПОЕНИТЕ 57

ПРИЛОГ 5: ПЛАН НА БОРИЛИШТЕТО ЗА КУМИТЕ 58

ПРИЛОГ 6: ПЛАН НА БОРИЛИШТЕТО ЗА КАТА 59

ПРИЛОГ 7: КАРАТЕ КИМОНО 60

ПРИЛОГ 8: УСЛОВИ И КАТЕГОРИИ НА СВЕТСКИ ПРВЕНСТВА 61

ПРИЛОГ 9: ВОДИЧ НА БОЈА ЗА ПАНТОЛОНИ НА РЕФЕРИ И ЏАЏИ 62

Треба да се напомене дека кога во текстот се употребува машки род истото значи и за женски род

# ПРАВИЛНИК ЗА КУМИТЕ

## ЧЛЕН 1: БОРИЛИШТЕ ЗА НАТПРЕВАР

1. Борилиштето треба да претставува квадрат, со должина на страните од 8 метри (мерени од надвор) со додаток два метра од сите страни како заштитната зона. Кога се користи подигната платформа безбедносната зона треба да биде уште дополнителен 1 метар.

2. Две парчиња од татамито се превртени со црвената страна одалечени на на еден метар од центарот да се формира простор меѓу натпреварувачите. Кога почнува или продолжува борбата натпреварувачите ке стојат напред и централно на татамите свртени кон себе.

3. Реферот ќе стои меѓу двата превртени татами со лицето према натпреварувачите на растојание два метар од заштитната зона.

4. Секој од линиските судии (Џаџис) ќе биде сместен во ќошињата на татамито во заштитната зона. Главниот судија (рефрито) може да се движи по целото татами, вклучувајќи ја и заштитната зона каде што се седнати помошните судии. Секој од помошните судии има црвено и сино знаменце.

5. Меч супервизорот ќе седи на мала маса надвор од заштитната зона, од задната страна, лево или десно од Рефрито. Тој/таа ќе треба да има на располагање црвено знаме и свирка.

6. Бодовниот контролор седи на официјалната маса за бодови, помеѓу лицето кое ги запишува бодовите и лицето кое го мери времето.

7. Тренерите ќе седат надвор од заштитната зона, на нивните страни, настрана од татамито спроти официјалната маса. Кога татамито ќе биде подигнато, тренерите ќе бидат седнати надвор од подигнатата зона.

8. Граничната зона широка еден метар треба да биде во различна боја од преостанатиот дел на полето.

***ЗАБЕЛЕШКА: видете прилог 5:***

***Објаснување:***

*I.* *На растојание од еден метар од полето за натпревар не смее да има никакви реклами, прегради, столбови и т.н.*

*II.* *Подлогата што е во допир со патосот не смее да се лизга, туку да има низок коефициент на триење на горниот дел. Подлогата не смее да биде дебела како подлогата за џудо, бидејќи таа подлога ги успорува движењата на каратистите. Судијата треба да провери дали деловите на подлогата се одвојуваат за време на натпреварот, бидејќи истите може да предизвикаат повреди. Тие треба да одговараат спрема дизајнот пропишан од WKF.*

## ЧЛЕН 2: ОФИЦИЈАЛНА УНИФОРМА

1. Натпреварувачите и нивните тренери мора да носат официјални облеки како што е подолу дефинирано.

**2.** Советот на Судиите може да го дисквалификува секој еден судија или натрепварувач кој не ги почитува овие правила.

## СУДИИ

1. Судиите во борилиште (рефрите) и линиските (џаџис) судии мора да носат официјална униформа одредена од Советот на судии. Таа униформа мора да се носи на сите турнири, брифинзи и семинари.

2. Официјалната униформа е следната:
   Тегет сако со едноредно закопчување.
   Бела кошула со кратки ракави
   Официјална вратоврска, без игла за вратоврска. Дискретна бела врвца за свирка.
   Едноставни светлосиви панталони, без манжетни. (прилог 11)
   Едноставни тегет или црни чорапи и црни мокасини за употреба на соодветна подлога.
   Судиите жени може да носат шнола за коса и тип на религиозна капа за коса одобрен од ВКФ и дискретни обетки. Судиите можат да носат венчан прстен.
3. За олимписки игри, млади олимписки игри, европски игри и други мултиспортски настани каде што вкрстени униформи се потребни за судиите на сметка на ОК со изглед на спицифичноста на

настанот, официјална униформа на судиите можат да бидат заменети од вообичаените униформи, но прво треба да се побара официјално барање до СКФ.

## НАТПРЕВАРУВАЧИ

1. Натпреварувачите мора да носат бело необележано карате кимоно без линии, нашивки или персонални везови други освен дозволени од изврсниот комитит на СКФ. Само националниот амблем или знаме на земјата е дозволено. Тоа мора да е на левата страна на горниот дел на кимоното, големината на истото не смее да надминува 12 cm на 8 cm. Само оригиналните ознаки на производителот може да се прикажани на кимоното. Покрај ова, идентификацискиот број издаден од Организациониот Комитет може да се носи на задниот дел. Еден натпреварувач носи црвен појас, другиот син. Црвениот и синиот појас треба да се околу 5 сантиметри широки и долги онолку да се има 15 см слободен пад од чворот но не подолго од 3/4 должина на бутот. Појасите се од обична црвена и сина боја, без персонални везови или реклами или други знаци освен вообичанената етикета од производителот.
2. И покрај параграфот 1, Извршниот комитет на ВКФ може да одобри прикажување на специјални ознаки или знакови од одредени спонзори.

3. Горниот дел од кимонотото, кога ќе биде стегнат околу струкот со појасот, мора да ги покрива колковите, но не смее да е подолга од три четвртини од должината на бутови. Женските натпреварувачи може да носат обична бела памучна маица под кимоното. Врвките на горнит дел од кимоното мора да се врзани. Не може да се користи кимионо без врвци.

4. Максималната должина на ракавите на кимоното не смее да е подолга од зглобот на раката и не по кратка од половина на должина од подлактицата на раката. Ракавите од кимоното не смеат да се виткаат. Врвците на кимоното мораат да бидат врзани на почетокот на мечот. Доколку се скинат во текот на мечот натпреварувачот не е обврзан да го промени кимоното.

5. Панталоните треба да се доволно долги да покриваат 2/3 од подколеницата. Пантолоните не смеат да се виткаат.

6. Косата на натпреварувачите треба да е чиста и подшишана со должина која нема да му попречува на натпреварувачот. Хачимаки (лента за коса) не е дозволено. Ако судијата мисли

дека косата на некој натпреварувач е нечиста и/или предолга, натпреварувачот може да биде отстранет од натпреварот. Забрането е носење на шноли за коса или метални штипки. Ленти, украси и други декорации се забранети. Дозволена е дискретна гумена лента една или две или мал држач за коса. Жените натпреварувачи можат да носат религиозни капи за коса одобрени од ВКФ.

7. Жените натпреварувачи можат да носат ВКФ одобрени шамии од обична црна ткаенина за покирвање на косата, но не во областа на грлото.

8. Натпреварувачите мора да имаат кратки нокти и не смеат да носат никакви метални објекти за да не го повредат противникот. Употребата на метални фиксни протези мора да биде одобрена од судијата и турнирскиот лекар. Натпреварувачите прифаќаат целосна одговорност за било каква повреда.

9. Следниве заштитни реквизити се задолжителни:

8.1 WKF ракавиците се задолжителни, еден натпреварувач носи црвени, а другиот сини.

8.2 Задолжително е носење на гумени штитници за заби.

8.3 ВКФ одобрен штитник за гради (за сите натпреварувачи) плус штитник за гради за женските натпреварувачи.

8.4 Штитници за подколеници одобрени од WKF, еден натпреварувач носи плави другиот црвени.

8.5 Штитници за стапала одобрени од WKF, еден натпреварувач носи плави другиот црвени.

Штитник за гениталии не е задолжителен но доколку се носи мора да биде одбрен од ВКФ.

9. Носење на наочари е забрането. Меки контактни леќи може да се носат на ризик на натпреварувачот.
10. Носење на непропишано одело, облека или опрема е забрането.
11. Сета заштитна опрема треба да е хомолгирана од WKF.
12. Задолжение на Меч супервизорот е да се осигура пред почетокот на мечот дека натреварувачите носат одобрена опрема. (Во случај на континентално, интернационално или нацинално првенство треба да се напомене дека опремата мора да биде одобрена од WKF и не смее да биде одбиено).

13. Употребата на завои, преврски или други помагала поради повреда треба да е одобрена од судијата по препорака на турнирскиот лекар.

**ТРЕНЕРИ**

1. Тренерот, за целото време на турнирот мора да носи тренерка на нивната национална федерација и да носи картичка за идентификација со исклучок на борбите за медаља на официјални ВКФ настани каде машките тренире мора да носат темен костум со кошула и вратоврска- додека женитет тренери можат да изберат да носат фустан, панталони или комбинација на сако и сукња во темни бои. Жени тренери можат да носат религиозна капа за коса одобрена од ВКФ.

***ОБЈАСНУУВАЊЕ***

*I. Натпреварувачите мора да носат само еден појас. Истиот ќе биде црвен за АКА и син за АО. Појаси за степени не смеат да се носат за време на натпреварот.*

*II. Гумените штитници за забите мора да бидат правилно наместени.*

*III. Ако еден натпреварувач дојде во зоната за натпревар неправилно облечен(а), тој или таа нема веднаш да биде дисквалификуван, наместо тоа ќе им биде дадена една минута да се корегираат.*

*IV. Ако Советот на судии се согласи, на официјалните судии може да им биде дозволено да го соблечат сакото.*

---

## ЧЛЕН 3: ОРГАНИЗАЦИЈА НА КУМИТЕ НАТПРЕВАРИ

---

1. Карате турнирот може да се состои од КУМИТЕ натревар и/или КАТА натпревар. КУМИТЕ натпреварот понатаму може да се одржи како тимски натпревар или индивидуален натпревар. Индивидуалниот, понатаму се дели на возрасни и тежински категории. Поделбите по тежина понатаму се делат по кругови (кола). Терминот коло - исто така ги опишува индивидуалните кумите натпревари помеѓу спротиставени парови од членови на тимови.
2. На светските и континенталните првенства, четрите медалисти (златна, сребрена и две бронзини) од претходното првенство ке бидат носители. На Карате 1 - Премиер лига, најдобро рангираните 8 натпреварувачи на ВКФ ранкинг листата на ден пред натпреварот ке бидат носители. Право на носител не се пренесува на подолу

рангираните во случај на отсутност на натпреварувч кој треба да биде ностиел.

3. Елимиминациски систем со репасаж ке биде употребен доколку поинаку не е специфицирано за тој натпревар. Кога се употребува раунд-робин систем треба да се види во Прилог 14 каде е структурно раунд-робин пример.

4. Процедурите за мерење може да се најдат во Прилог 13; Процедури за мерење

5. Ниту еден натпреварувач не може да биде заменет со друг во индивидуални борби откако жребот ќе биде направен.

6. Индивидуалните натперварувачи или екипите кои нема да се јават при прозивка ќе бидат дисквалификувани (KIKEN) од таа категорија. Во екипни мечеви резултатот на неодржаната борба ќе се запише со резултат 8-0 во корист на другата екипа. Дисквалификација со КИКЕН значи дека натпреварувачите се дисклвалификувани од таа категорија, но можат да се натпреваруваат во друга категорија.

7. Машките тимови се состојат од 7 натпеварувачи, од кои по 5 се натпреваруваат во еден круг. Женските тимови се состојат од 4 члена, од кои 3 се натпреврууваат во еден круг.

8. Натпреварувачи се сите членови на тимот. Нема фиксни резерви.

   Пред секоја борба, претставник на тимот треба да достави до официјалната маса пријава на официјален формулар со имињата и редоследот на борење на членовите на натпреварувачкиот тим. Учесниците кои се членови на тимот 7 или 4 члена, нивниот редослед на борење, може да се промени за секој круг, но пред тоа ќе се достави нова листа со нов редослед, но откако ќе се достави истиот не може да се менува додека не заврши кругот.

   Тимот ќе биде дисквалификуван (Шикаку) ако било кој негов член или тренер го смени составот на тимот или редоследот на борење без напишана пријава пред кругот.

   Во екипен натпревар каде што натпреварувачот губи со добивање Хансоку или Шикаку, поените на дисквaливикуваниот натпреварувач се доведуваат на нула, а со резултат 8-0 ќе биде заведена борбата во корист на другата екипа.

***ОБЈАСНУВАЊЕ***

I. *Круг (коло) е фаза во натпревар што води кон идентификување на финалисти. Во елиминаторен КУМИТЕ натпревар, едно коло елиминира 50% од учесниците во тоа коло, сметајки ги и оние што биле слободни. Во оваа смисла, кругот може да се однесува и на фаза во примарната елиминација или репасажи. При натпревар секој против секого, кругот дозволува сите натпреварувачи да се борат против други натпреварувачи*

II. *Да се нотира дека борба е индивудуален натпревар меѓу два натпреваруваи, додека меч подразбира сите борби на членови од два тима.*

III. *Користењето на имињата на учесниците предизвикува проблеми при изговор и идентификација. Треба да се користат ВКФ ИД броевите.*

IV. *При редење во линија пред борба, тимот ќе ги претстави актуелните натпреварувачи. Натпреварувачите кои нема да се борат и тренерот нема да бидат вклучени и ќе седат на места означени за нив.*

V. *За да се натпреваруваат машките тимови мораат дабидат присутни минимум тројца натпреварувачи, а женските тимови мораат дабидат присутни најмалку две натпреварувачки. Тим со помал број од предвидените натпреварувачи ќе го изгуби правото на меч (КИКЕН )*

*VI.* Кога се објавува дисквалификација со КИКЕН, Рефрито ќе покаже со прст кон натпреварувачот што не е појавен и ке изјави АКА/АО Кикен и сигналот за победа (качи) за противникот.

VII. *Редоследот на натпреварувачи може да биде предаден од тренерот или од номиниран натпреварувач од тимот. Доколку тренерот го предаде списокот тој мора да биде читлив доколку не листот може да биде одбиен. Во списокот мора да бидат наведени име на државата или клубот, бојата на појасот доделен за тој меч на тимот и имиња на натпреварувачите по редоследот по кој ќе се борат. Покрај имињата мора да бидат наведени и броевите што ги имаат добиено за тој турнир и листот мора да биде потпишан од тренерот или номиниранатa личност.*

VIII. *Тренерите мораат да ја покажат својата акредитација заедно со таа на нивниот натпреварувач или тим на официјалната маса. Тренерот мора да седи на столот пропишан за тренери и не смее да се меша на водењето на мечот со зборови или акти.*

IX. *Ако, поради грешка на записничката маса, се натпреварува погрешен натпреварувач, тогаш независно од исходот тој круг/борба се прогласува за неважечка. За избегнување на вакви грешки победникот мора да ја верификува победата на записничката маса пред напуштање на борилиштето.*

## ЧЛЕН 4: СУДИСКИ ПАНЕЛ

1. Судиски панел за секоја борба се состои од еден рефери (SHUSHIN), четири судии - џаџис (FUKUSHIN) и еден Меч супервизор.

2. Рефрито и џаџисите во кумите натпреварите не смее да бидат од иста националност со ниту еден од учесниците.

3. Распределување на судиите и панелити:

   За елиминациски рунди секретарот на Судиската комисија ке користи електронски систем за делегирање листа што содржи судии достапни на татами. Оваа листа ке биде готова од страна на секретарот на судиската комисија кога ждребот ке биде завршен И на крај на судискиот брифинг. Оваа листа мора да биде со судии кои се присутни на брифингот и мора да биде соодветна на горенаведените критериуми. Потоа за судискиот ждреб техничар ке ја внесе листата и 4 џаци, 1 рефери и 1 супервизор ке се изберат по лотариски систем како панел за секоја борба.
   -Во борби за медали татами менаџерот ке достави листа од 8 судии од нивното татами до претседателот и секретарот на судиската комисија по завршување на борбите од елиминациските рунди. Откако листата ке биде одобрена од претседателот на судиската комисија ке бде доставена на техничарот за да го внесе во системот. Системот по случаен избор ке избере рефери панел што ке содржи 5 судии од предложените 8 судии од секое татами.

4. Истотака за водење на борбите/мечевите ќе се назначат 2 татми менаџери, 1 асистент на татами менаџер, 1 супервизор на мерачите на време и 2 мерачи на време. Исклучок се олимписки настани каде што ке има само 1 татами менаџер.

***<u>Објаснување:</u>***

I. *На почетокот на КУМИТЕ борбата, рефери̅то стои на надворешната линија од борилиштето. Од левата страна на реферито стојат судиите 1 и 2, а десно судиите 3 и 4.*

II. *По формалната размена на поздрави помеѓу учесниците и судискиот панел, реферито оди еден чекор назад, судиите се вртат кон внатрешниот дел, и сите се поклонуваат. Потоа сите одат на свои места.*

III. *При менување на судиите, официјалните лица што напуштаат, освен Меч супервизорот, истите заземаат положба како за почеток на борбата или мечот, се поклонуваат еден кон друг и тогаш го напуштаат борилиштето заедно.*

IV. *При менување на само еден цаџ, новиот доаѓа до цаџот што треба да напушти, тие се поклонуваат еден кон друг и ги менуваат позициите.*

V. *Во екипни натпревари во случај кога целиот панел има потребни квалификации, позициите на рефери и цаџи може да се менуваат меѓу секоја борба.*

## ЧЛЕН 5: ТРАЕЊЕ НА БОРБАТА

1. Траењето на КУМИТЕ борбата е дефинирана на три минути за сениори машки и женски КУМИТЕ (екипна и за индивидуална). Под 21 година борбите за мажи и жени се 3 минути. Борбите за јуниори и кадети ќе бидат две минути за двата пола.

2. Сметањето на времето започнува кога реферот го дава сигналот за старт, и се прекинува секој пат кога реферот ќе викне “YAME”.
3. Мерачот на време ќе дава сигнали со јасен и звучен гонг, или свирка, означувајќи уште 15 секунди пред крај на борбата и за крај на борбата. Крајниот сигнал за времето означува крај на борбата.
4. Натпреварувачите имаат право на време помеѓу борбите еднакво на стандардно време на еден меч поради одмор и промена на опрема. Единствен исклучок на ова правило е за време на репасаж кога натпреварувачот мора да ја смени бојата на опремата, продолжено е на 5 минути.

## ЧЛЕН 6: БОДИРАЊЕ

1. Се доделуваат следните бодови:

а) IPPON 3 поена
б) WAZA-ARI 2 поена
в) YUKO 1 поен

2. Бод или поен се доделува кога изведената техника е согласно на следните критериуми:

а) добра форма,
б) спортски став,
в) снажна изведба (енергично прилагодување)
г) свесност (ZANSHIN)
д) правовременост

ѓ) коректна дистанца.

3. IPPON се доделува за:

а) џодан удари со нога,
б) Бодирачка техника изведена на фрлен или паднат противник

4. WAZA-ARI се доделува за:
а) чудан удари со нога,

5. YUKO се доделува за:
а) чудан или џодан цуки
б) чудан или џодан учи

6. Нападите се ограничени на следниве зони:
а) глава
б) лице
в) врат
г) стомак
д) граден кош
ѓ) грб
е) страна

7. Ефикасна техника направена на крај на борбата кога е даден сигналот, се смета за валидна. Ефикасна техника направена по знакот за завршување на борбата нема да се бодува и може да резултира во казна.

8. Ниту една техника, и колку да е ефикасна, нема да се бодира ако е направена кога двајцата натпреварувачи се надвор од борилиштето. Но, ако еден од натпреварувачите изведе ефикасна техника додека се уште е во борилиштето и реферот се уште не викнал YAME, техниката ќе се бодира.

***<u>Објаснување:</u>***
*За да се додели поен за изведената техника, истата треба да биде изведена во бодовната површина како што е дефинирано во горе наведениот параграф* ***бр. 6.***
*Техниката мора да биде соодветно контролирана во однос на површината која се напаѓа и мора да ги задоволи сите шест бодовни критериуми во горе наведениот параграф* ***бр.2.***

| *Вокабулар* | *Технички критериуми* |
|---|---|
| | |
| ***IPPON***<br>*(3 поени)*<br>*се добива за:* | ***1.*** *Џодан удари со нога. Под Џодан се подразбира лице глава и врат*<br>***2.*** *Секоја поентирачка техника што што е изведена на противник после правилно фрлање, паднат како последица на своја акција, или од било која причина не се наоѓа на своите стапала.* |
| | |
| ***WAZA-ARI***<br>*(2 поена)*<br>*се добива за:* | ***1.*** *Чудан удари со нога. Под чудан се подразбира абдомен( стомак), гради, грб и страничниот дел од телото.* |
| | |
| ***Yuko***<br>*(1 поен)*<br>*се добива за:* | ***1.*** *Секој удар (Цуки) изведен во секоја од седумте поентирачки зони.*<br>***2.*** *Секој удар (Учи) зададен во било која од седумте поентирачки зони.* |

I. *Поради безбедносни причини, фрлања каде што противникот е фатен под појасот, фрлен без да биде задржан, или фрлен опасно, или каде што потпорната точка е над нивото на појасот, се забранети и ќе предизвикаат предупредување или казна. Исклучоци се конвенционални карате техники на чистење, што не бараат противникот да биде задржан додека се прави техинката, како што се* ***аши-бараи, ко учи гари, кани ваза*** *и тн. По извршувањето на фрлачката техника, натпреварувачот треба веднаш да изведе техника за бодирање за да поенот биде валиден.*

II. *Кога натпреварувачот е фрлен според правилата, ќе се лизне, падне или било која причина торзото го допира татимтo и врз него противникот поентира, ќе биде доделен IPPON.*

III. *Техника со* ***добра форма*** *треба да има карактеристики на ефикасност на традиционалниот карате концепт.*

IV. ***Спортското однесување*** *е составен дел на добрата форма и се однесува на ненасилен став со голема концентрација за време на изведувањето на техникатa за бодирање.*

V. ***Енергичното прилагодување*** *ја дефинира силата и брзината на техниката и желбата за победа.*

VI. ***ZANSHIN*** *е оној критериум што најмногу се пропушта кога се доделува поен. Тоа е состојба на постојана спремност на учесникот да одржува свесност за потенцијалот на противникот за против напад.То ест: Тој/таа не го врти своето лице за време на изведувањето на техниката, и го гледа во лице противникот и потоа.*

VII. ***Правовременост*** *значи изведување на техника кога истата ќе има најдобар потенцијален ефект.*

VIII. ***Правилна растојание*** *значи изведување на техника при точна растојание каде што ќе се постигне максимален потренцијален ефект.*

*Така ако техниката се изведе врз противникот кој брзо се оддалечува потенцијалниот ефект на тој удар е намален.*

IX. ***Дистанца*** *исто така се однесува и кога завршната техника доаѓа до точка на мирување или во близина на целта. Удар со рака или нога што доаѓа некаде помеѓу допир на кожа и 5 см од лицето, главата или вратот може да се смета за коректна дистанца. Сепак, џодан техниките што се случуваат во дистанца од 5 см до целта и која противникот не прави обид да ги блокира или избегне ќе се бодираат, но техниката треба да ги задоволи и другите критериуми.*

*Во кадетска и Јуниорска конкуренција не е дозволен контакт во глава, лице или врат освен многу лесен допир (претходно познат како допир на кожа) за Џодан удари со нога и поентирачката дистанца е зголемена на 10 сантиметри.*

X. *Бескорисна техника е бескорисна - независно од тоа каде и како е изведена. Техника, на која и недостасува добра форма или нема доволна сила, нема да носи поени.*

XI. *Техники , што завршуваат под појасот може да се бодираат, но под услов да се над коската на слабините. Вратот и грлото се цел. Сепак,не е дозволен никаков контакт во грлото, иако поен може да се добие за правилно контролирана техника, која не прави допири.*

XII. *Техника, што ќе заврши на лопатките на рамениците, може да се бодира. Дел од рамото што не се бодира е спојот на горната коска на раката со лопатките на рамениците и клучната коска.*

XIII. *Ѕвончето за завршено време сигнализира крај на можностите за бодирање во тој круг, иако судијата (реферот) од невнимание не ја заврши борбата веднаш. Ѕвоноот за истекот на времето не значи дека не може да бидат доделени казнени поени. Казнени поени може да бидат доделени од судискиот панел се до оној момент додека натпреварувачите не го напуштат местото по завршувањето на борбата. Казнени поени можат да бидат доделени и по тоа, но само од страна на дисциплинската и правната комисија.*

XIV. *Доколку два натпреварувачи се удрат истовремено, критериумот за поен правовременост по дефиниција не е запазена, правилна одлука е да не се доделува поен. Двајцата наптраварувачи можат да добијат поен за нивните поентирачки акции доколку во нивна корист има по две знамиња, и доколку поените се направени пред јаме и пред сигналот за крај.*

XV. *Доколку натпреварувач поентира со повеќе од една техника пред мечот да биде запрен, на натпреварувачот ќе му се додели поен за повисоко рангирана успешно изведената техника, без оглед по кој редослед е направена техниката. Пример: Ножна техника која е изведена по успешна рачна техника, поен за ножната техника ќе биде доделена затоа што има поголема поентирачка вредност иако рачната техника е изведена прва.*

## ЧЛЕН 7: КРИТЕРИУМИ ЗА ОДЛУКА

1. На еден од натпреварувачите може да му се додели победа ако има водство со разлика од 8 поени, или по истекот на времето на оној што има најголем број на поени, или со донесување на одлука (HANTEI) или со HANSOKU, SHIKKAKU или KIKEN, доделени на еден од натпреварувачте.

2. Индувидуална борба нормално не може да биде прогласена нерешена. Само во екипни мечеви или во раунд робин натпревари кога борбата ќе заврши со еднаков број поени или без поени рефрито без некој да добие предност Сеншу ќе објави нерешено (**хикеваке**).

3. Во било која борба ако резултатот е израмнет но еден натпреварувач добил предност со прво освојување на поен (Сеншу) тој натпреварувач ќе биде прогласен за победник. Во индивидуални борби, доколку на крајот на мечот ако резултатот е нерешен И никој не направил предност Сеншу или нема поени одлуката ќе се направи со конечно гласање на Рефрито и четирите џаџи (хантеи). Одлуката во корист на едниот или другиот натпреварувач е задолжителна и донесена врз основа на следните критериуми:
а. став, борбен дух и силата прикажана од натпреварувачот
б. супериорност на покажаните тактики и техники.
в. кој од натпреварувачите започнал повеќе акции.

4. Кога на натпреварувач ке му биде доделено Сеншу ке добие предупредување од Категорија 2 за избегнување на борба за следниве случувања: Џогаи, бегање, влегување во клинч, грабање, борење, буткање или стоење гради со гради кога е во време на последни 15 секунди од борбата - натпрварувачот автоматски ке ја изгуби оваа предност. Рефрито ке покаже сигнал за каква повреда на правилата стаува збор за да добие подршка од џаџевите. Кога Реферот ке добие подршка од минимум две знамиња тој/таа ке покаже категорија 2 проследено со знакот за Сеншу и на крај сигналот за анулирање (торимасен) во исто време ке каже АКА/АО Сеншу торимасен.
Доколку Сеншу еповречено во последните 15 секунди од борбата, повторно Сеншу нема да може да се изрече за било кој од натпреварвачите.

Во случаи кога е доделен Сеншу, но успешен видео протест е усвоен при што другиот натпреварувач поентирал тогаш поенот не е само на едниот, иста процедура се применува а за нулирање на Сеншу.

Победничкиот тим е оној со најмногу победи вклучувајќи и тие со Сеншу. Во случај двата тима да имаат ист број на победи во борби, тогаш победничкиот тим ќе биде оној со најмногу поени, земајќи ги во

предвид и победните и загубените борби. Борбата запира во момент кога разликата е 8 или повеќе поени.

5. Ако двата тима имаат ист број на победи и поени, тогаш ќе се одржи уште една решавачка борба. Секоја екипа номинира по еден натпреварувач со цел да се бори во екстра мечот, без оглед дали тој натпреварувач веќе се борел во претходните мечеви меѓу тие два тима. Доколку во екста мечот не се добие победник базиран на поени или никој не добие предност Сеншу, екстра мечот ќе се одлучи врз одлука на Хантеи според истата процедура како во индивидуални мечеви. Резултатот од Хантеи во екстра мечот ќе го реши резултатот на екипниот меч.

6. Во екипен меч кога екипата извојувала доволен број на победи или поентирала доволно поени за да се прогласи победник, тогаш мечот е прогласен за завршен и нема да се одржат дополнителни борби.

7. Во случај кога ака и ао се дисквaливикувани во иста борба со Хансоку, тогаш противникот закажан за следниот круг ке победи без борба (без резултат). Исклучок е борбите за медал каде што победникот ке се рашава со Хантеи, исклучок е доколку еден од натпреварувачите има Сеншу

***<u>Објаснувања:</u>***

*I. При донесување на одлука за исходот на борбата со гласање (HANTEI), по завршување на нерешена борба реферот ќе се приближи до надворешната линија на борилиштето и ќе викне HANTEI, проследено со свирење два пати. Судиите ќе го изнесат своето мислење со помош на нивните знаменца и рефрито во исто време ќе го покаже сопственото гласање со подигање на рака. Реферот кратко ќе свирне со својата свирка, ќе се врати во почетната позиција и ќе го прогласи победникот на вообичаениот начин*

*II. Со прв освоен и невозвратен поен (Сеншу) се подразбира дека еден натпреварувач добил поен без притоа противникот да освои пред сигналот за стоп. Доколку двата натпреварувачи освојат поени пред сигналот тогаш никој нема предност - Сеншу и на двајцата им останува шанса да добијат Сеншу понатаму во мечот.*

## ЧЛЕН 8: ЗАБРАНЕТО ОДНЕСУВАЊЕ

Постојат две категории на забрането однесување: ***Категорија 1*** и ***Категорија 2.***

### *КАТЕГОРИЈА 1*

1. Техники кои предизвикуваат поголем недозволен контакт, во однос на нападите во зоната за бодирање, и техники што предизвикуваат контакт во грлото.

2. Напади врз раце, нозе, зглобови, препони или горниот дел од стапалото.

3. Напади врз лицето со техника на отворени раце

4. Опасни или забранети техники на фрлање

### *КАТЕГОРИЈА 2*

1. Симулирани или преувеличени повреди.

2. Излези од зоната на натпревар (ЈОГАИ) не предизвикани од противникот;

3. Однесување на нагрижа за сопствената сигурност, при што натпреварувачот му дозволува на противникот да го повреди, или не сака да преземе адекватни мерки за сопствената безбедност,(МУБОБИ);

4. Избегнување на борба како цел да се спречи противникот да освои поен;

5. Пасивност - без обиди за вклучување во борбата (не може да се даде на 15 секунди до крај на мечот)

6. Клинч, борење, буткање, или стоење гради во гради, без обид за поентирање или фрлање.

7. Фаќање на противникот со две раце за било која причина освен фрлање по фаќање на противничката нога кога противникот пробува да изврши удар со неа.

8. Грабање на противничката рака или кимоно со една рака без веднаш да биде направен обид за поентирање или фрлање.

9. Техники кои по природа не можат да бидат контролирани за безбедноста на противникот и опасни и неконтролирани напади.

10. Имитирани напади со глава, колена или лакти.

11. Зборување или предизвикување на противникот, непочитување на наредбите на судијата (реферот), недолично однесување кон судиите, или други непочитувања на етиката.

***<u>Објаснувања:</u>***

*I. Карате натпреварот е спорт, и поради таа причина некои од најопасните техники се забранети и сите техники мора да се под контрола. Обучени возрасни натпреварувачи може да ги абсорбираат релативно силните удари на мускулните области како што е стомакот, но сепак фактот останува дека лицето, главата, вратот, слабините и препоните се особено осетливи на повреди. Затоа, било која техника, што резултира со повреда, може да биде казнета освен ако е предизвикана од самиот натпреварувач. Натпреварувачите мора да ги изведуваат сите техники контролирано и во добра форма. Ако не можат така, тогаш независно од изведената техника, ќе се додели опомена или казна. Посебна грижа мора да се води во натпревари на Кадети и Јуниори*

II. ***КОНТАКТ ВО ЛИЦЕ - СЕНИОРИ***

*Кај сениорите, дозволен е не опасен, лесен, контролиран допир во лицето, главата и вратот (но не и грлото). Ако судијата (реферот) смета дека контактот е пресилен, но не ги намалува шансите на натпреваруварувачот за победа, може да се додели опомена (CHUKOKU). Втор контакт под исти услови ќе биде казнет со доделување на KEIKOKU. Понатамошни контакти ке резултираат со HANSOKU-CHUI. Секој понатамошен контакт, иако недоволно да влијае на противничките шанси за победа сепак ќе резултира со HANSOKU.*

III. ***КОНТАКТ ВО ЛИЦЕ - КАДЕТИ И ЈУНИОРИ***

*За кадети и јуниори, не е дозволен допир или контакт со рачна техника во глава, лице или врат. Било каков допир или контакт, без разлика колку лессен ќе биде казнет, како што е горенаведено во параграф II, освен ако не е предизвикан од примачот на ударот (МУБОБИ). Ударите со нога во глава можат да имаат најлесен допир (допир до кожа) за да се бодираат. Се што е повеќе од допир на кожа ќе резултира со опомена или*

*казна освен доколку е предизвикана од примачот на ударот (МУБОБИ). За натпреварувачи под 14 години, погледај го Прилог 10*

IV. *Судијата (реферот) мора постојано да го набљудува повредениот натпреварувач додека борбата трае. Мало задоцнување при изрекувањето на одлука може да предизвика влошување на симптомите како што се течење крв од нос. Набљудувањето исто така може да ја открие намерата на учесникот да ја зголеми лесна повреда поради тактичка предност. Примери на ова се силно дување преку повреден нос или силно триење на лицето.*

V. *Повреда која постоела и претходно, може да предизвика симптоми што не личат на употребениот контакт и судијата (реферот) треба да го земе тоа во предвид при казнување за наводно јакиот контакт. На пример, она што изгледа како релативно лесен контакт може да резултира во неспособност на натпреварувачот да продолжи поради кумулативниот ефект на повредата добиена во претходен круг. Пред почеток на натпревар или кругот, Менаџерот на татамито мора да ги провери медицинските досиеа и да потврди дека натпреварувачите се спремни за борба. Судијата (реферот) мора да биде известен ако натпреварувачот претходно бил третиран за повреда.*

VI. *Натпреварувачи кои пресилно реагираат на лесни контакти со цел судијата (реферот) да го казни нивниот противник, како што е држење на лицето и шетање наоколу, или непотребно паѓање, ќе бидат веднаш казнети.*

VII. *Измислување повреда, која не постои, е сериозне повреда на правилата. ШИККАКУ ќе добие оној натпреварувач што ќе симулира повреда, односно кога колабирање или пагање на подот е без причина и е евидентирана од неутралниот доктор. Претерување со повреда која постои е помалку сериозна повреда на правилата. За зголемување на повреда ќе се додели опомена или казна.*

VIII. *Точна казна за глумење на повреда кога судискиот панел ке процени дека техниката залужува поен, е минимум Хансуку чуи, а во потешки случаи Хансоку и Шикаку. Зголемување на ефектот на актуелна повреда е помалку сериозно но пак се смета за неприфатливо однесување и затоа прва истанца на зголемувањето ќе биде добивање минимум предупредување Хансоку чуи. Повеќе сериозно зголемување како што е глумење, паѓање на под, станување и повторно паѓање и така натака може да добие директно Хансоку во зависност од големината на прекршокот.*

IX. *Натрепварувачи, кои ќе добијат SHIKKAKU за симулирање на повреда ќе бидат одстранети од местото на натпревар и ќе бидат предадени директно на WKF Лекарската комисија која веднаш ќе спроведе испитување на нанесената повреда на натпреварувачот. Лекарската комисија ќе го приложи својот извештај пред истекот на Шампионат, за да истата биде разгледана од судиската комисијаа нивна задача би била да издадат извештај до Извршен одбор во случај кога се бара*

*дополнителна санкција. Натпреварувачи кои симулираат повреда ќе бидат најстрого казнети, дури и животна суспензија доколку се повтори.*

*X. Грлото е особено осетлива зона, дури и најмал контакт ќе биде опоменат или казнет, освен доколку не е предизвикана од повредениот натпреварувач.*

*XI. Техниките на фрлање се поделени на два типа. Воспоставените конвенционални повлекувања на нога како што се аши бараи, ко учи гари, каде што противникот е дебалансиран или паднат без притоа да биде фатен - и тие фрлања кои мора противникот да се фати со една рака и да се држи додека не се изврши паѓањето. Единствен пример за фрлање со две раце е по фаќање на противничка нога кога противникот ќе ја подигне ногата со цел да зададе удар. Клучната точка за фрлање е појасот на тој што го изведува фрлањето и противникот мора цело време да се држи за да се изведе безбедно легнување. Фрлања преку рамо како што се сеои наге, ката гурума итн се строго забранети, исто така жртвени фрлања се забранети како што се томое наге, суми гаеши итн. Исто така е забрането е фаќање под половина на противникот и подигање и фрлање или повлекување на нозете. Ако наптреварувачот е повреден поради техники на фрлање, судиите ќе одлучат за каква казна или предупредување да додели.*
*Наптреварувачот може да ја фати раката на противникот или за кимоно со една рака поради фрлање или изведба на техникано не може да ја држи за континуирани техники. Држење со една рака кога веднаш ке се изведе техника или фрлање или заштита од паѓање. Фаќање со две раце е забраето со исклучок кога има обид за фрлање на противникот кој ја се обидува да зададе удар со нога.*

*XII. Техника на отворена рака кон лицето е забранета поради можната повреда на видот.*

*XIII. JOGAI се однесува на ситуација каде што стопалата на учесникот, или некој друг дел на телото, го допираат подот надвор од борилиштето. Исклучок е кога натпреварувачот е физички турнат надвор или исфрлен од страна на противникот. Имај на ум дека предупредување мора да се прошири за прво Џогаи. Дефиницијата за џогаи не е повеќе повторовуачки излегувања туку излез не предизвикан од противникот.*

*XIV. Натпреварувач кој ќе изведе техника што се бодува и излезе од борилиштето пред Рефрито да каже JАМЕ, ќе биде доделен бодот, а ЏОГАИ нема да биде доделен. Ако натпреварувачот се обиде да поентира и не успее, излегувањето ќе биде регистрирано со ЏОГАИ.*

*XV. Ако АО излезе веднаш после изведувањето успешен напад на АКА, а јаме се изрече веднаш по поентирањето, на АО излезот нема да се евидентира. Ако АО излезе или ако излегол кога АКА направил поен (АКА е во борилиштето) тогаш АКА ќе добие поен , а АО Џогаи.*
*XVI. Натпреварувач кој постојано се повлекува, без ефикасна борба, кој држи, влегува во клинч или излеугува од борилиште, а со тоа не му*

*дозволува на противникот да поентира, мора да биде опоменат или казнет. Ова честопати се јавува за време на последните секунду од натпреварот. Ако избегнувањето се случи на десет или повеќе секунди до крајот, а натпреварувачот нема добиено опомена од втора категорија, Рефрито ќе го опомене со чукоку. Ако веќе постоела опомена од категорија 2 ова ќе резултира со кеикоку. Доколку има помалку од 15 секунди до крајот Рефрито директно ќе додели Хансоку чуи (без разлика дали претходно имал чукоку или не). Доколку натпреварувачот претходно има Хансоку чуи од втора категорија во тој случај Рефрито ќе го казни со Хансоку и ќе му ја додели победата на противникот. Сепак, Рефрито мора да биде сигурен дека учесникот не се повлекува бидејки противникот напаѓа на опасен начин, во тој случај противникот ќе биде опоменат или казнет.*

*XVII. Пасивност е ситуација каде што еден или двајцата натпреварувачи не се осмелуваат да разменат техники во одреден временски период.*

*XVIII. Пример на MUBOBI е кога учесникот прави напад без да мисли на сопствената сигурност. Некои натпреварувачи се фрлаат со долга рачна техника и не се во можност да го блокираат контраударот. Таквите изведени удари се акт на MUBOBI и не може да се бодираат. Како тактичен театрален чекор, некои учесници се вртат на страна веднаш по ударот за да демонстрираат бод. Тие ја занемаруваат својата заштита и бегаат од противникот. Целта на ова е да се привлече внимание на Реферот кон нивната техника. Ова е исто така MUBOBI. Ако прекршителот добие јак удар и/или се здобие со повреда, Рефрито ќе дадеказна од категорија 2 и нема да му даде казна на противникот*

*XIX. Било какво недолично однесување од член на официјалната делегација може да предизвика дисквалификација на учесникот, на целиот тим, или на делегацијата од турнирот.*

## ЧЛЕН 9: ОПОМЕНИ И КАЗНИ

**CHUKOKU:** се дава за мали прекршоци или за прекршоци што се изведуваат за прв пат за важечката категорија.

**KEIKOKU:** КЕИКОКУ се дава за мали прекршоци за кои претходно било доделена опомена за таа категорија, или за прекршоци не доволно сериозни за HANSOKU-CHUI.

**HANSOKU-CHUI**: Ова е предупредување пред дискфалификација. HANSOKU-CHUI обично се доделува за прекршоци за кои веќе е даден KEIKOKU во таа борба, иако истото може да биде дадено за сериозни пркршоци, кои не се доволни за HANSOKU.

**HANSOKU:** Оваа казна се доделува за многу сериозен прекршок или ако е веќе е даден HANSOKU CHUI. Таа резултира со дисквалификација на учесникот. При тимски борби, поените на повредениот натпреварувач ќе бидат 8, а на противникот 0.

**SHIKKAKU:** Ова е дисквалификација од целиот турнир вклучувајќи и други категории каде натпреварувачот е можеби пријавен. SHIKKAKU може да се добие кога не се почитува наредбата на реферот, кога се однесува злобно, или при вршење на дејствие што го повредува Карате, или кога акциите ги кршат правилата и духот на натпреварот. При тимски натпревари, ако еден член добие SHIKKAKU, противникот добива 8 поени, а на казнетиот натпреварувач ќе има нула поени.

За да овозможи течење на мечот а има повеќе од 15 секунди до крајот на борбата, можат неформално да ги повикаат натпреварувачите со гестикулација (исто како кога се повикуваат натпреварувачите да стапат на татамито) комбинирано со изреката Сузукете, и да ги одделат од клинч (употребувајќи го сигналот кога натпреварувачите треба да излезат од татамито) комбинирано со изреката Вакарете, двете без запирање на мечот.

Овие мерки не се наменети да се заменат казните за очигледни нарушувања или доколку натпреварувачите веднаш не постапат по наредбите.

***Објаснување:***

*I. Постојат три степени на предупредувања; CHUKOKU, KEIKOKU и HANSOKU CHUI. Предупредување е корекција која јасно му дава на знаење на натпреварувачот дека ги прекршил правилата на натпреварување, но без давање на непосредна казна.*

*II. Постојат два степена на казни; HANSOKU и SHIKKAKU, двете предизвикани од натпреварувач кој ги прекршил правилата и ќе биде дисквалификуван од*

*а) Борбата (HANSOKU)*

*б) Од целиот турнир (SHIKKAKU) со можна суспензија од натпревари за одреден временски период.*

*III. Предупредувања од Категорија 1 и Категорија 2 не се собираат.*

*IV. Предупредување може да се даде за прекршување на правилата, но откако ќе се даде, при повторување на прекршок од таа категорија, мора да биде проследено со зголемување на предупредувањето, а најсоодветно можеби е дисквалификација. Не е можно, на пример, да се додели опомена за контакт и потоа пак да се додели предупредување од исти степен за втор контакт.*

*V. CHUKOKU нормално се доделува како прв степен на предупредување, при што не ги намалува шансите за победа од противничкиот фаул.*

*VI. KEIKOKU се доделува кога шансите за победа на учесникот се благо намалени (по мислење на Судиите), поради фаул на противникот.*

*VII. HANSOKU CHUI може да се изречи директно, или по KEIKOKU, и се доделува кога шансите за победа се сериозно намалени (по мислење на Судиите) поради фаул на противникот.*

*VIII. HANSOKU се изрекува за кумулативни опомени , но може да се даде за сериозни нарушувања на правилата. Се користи кога потенцијлаот за победа на учесникот е практично сведен на нула (по мислење на Судиите) поради фаул на противникот.*

*IX. Било кој натпреварувач што ќе добие HANSOKU за предизвикување на повреда, и кој по мислење на Судиите и Менаџерот на татами, делува опасно и неодговорно или кој го нема потребното ниво на контрола потребно за WKF натпревари, ќе биде пријавен кај Советот на судии. Советот на судии ќе одлучи да ли тој учесник ќе биде суспендиран од преостанатиот дел од натпреварот и/или наредните натпревари.*

*X. SHIKKAKU може директно да се изрече, без било какво предупредување. Ако Реферот верува дека учесникот се однесува злобно, независно од тоа да ли има физичка повреда или не, SHIKKAKU а не HANSOKU е права казна.*

*XI. Кога судијата ке мисли дека тренерот ја попречува борбат во тек, тој/таа ке ја запре борбата, ке дојде до тренерот и ке покаже сигнал за некуртоазно однесување. Потоа реферот ке ја продолжи борбата. Доколку тренерот продолжи да ја попречува борбата, реферот ке ја запре борбата ке дојде до тренерот и ке го замоли да го напушти татамито. Рефрито нема да ја продолжи борбата додека тренерот не го напушти татамито. Ова не е ситуација за Шикаку и исклучување на тренерот е само за таа борба или меч.*

*XII. SHIKKAKU задолжително се објавува преку разглас.*

## ЧЛЕН 10: ПОВРЕДИ И НЕСРЕЌИ ВО НАТПРЕВАРИТЕ

1. KIKEN или пораз е донесена одлука кога натпреварувачот(те) не се јават за време на прозивката или не се во можност да продлжат, ја напуштат борбата, или се повлечени по одлука на реферот. Правилата за напуштање може да содржат повреди кои не се настанати поради акции на противникот. Губење со Кикен значи дека наптребарувачот не може да се натпреварува во таа категорија, но тоа не значи во друга категорија.

1. Ако двајца натпреварувачи се повредат, или страдаат од ефекти од претходни повреди, и ако одговорниот доктор потврди дека не можат да продолжат, борбата ја добива оној учесник кој има добиено повеќе поени. Во индивидуалните борби ако поените се еднакви, тогаш со HANTEI ќе се одлучи победникот, исклучок е доколку еден има добиено предност Сеншу. Во екипни натпревари Рефрито ќе објави нерешено (ХИКИВАКЕ), исклучок е доколку еден има добиено предност Сеншу. Ако се појави ситуација во екипен меч при одлучувачка борба тогаш гласање ( HANTEI ) ќе го одреди исходот исклучок е доколку еден има предност Сеншу.

2. Повредениот натпреварувач, кој е прогласен од страна на докторот за неспособен да се бори, не може повеќе да се бори на тој натпревар.
3. Повредениот натпреварувач кој победил со дисквалификација поради повреда не смее повеќе да се натпреварува во тој натпревар без дозвола од турнискиот докторот.

5. Кога ќе се повреди натпреварувач, судијата (реферот) веднаш ќе ја стопира борбата и ќе го повика докторот. Само докторот е овластен да ја дијагностицира и третира повредата.

6. Натпреварувач кој е повреден за време на борбата и кој има потреба од лекарски третман, ќе добие 3 минути за третманот. Ако третманот не се заврши во тие три минути, реферот ќе одлучи дали натпреварувачот е неспособен за борба (Член 13, параграф 9д) или ќе дозволи продолжување на времето на третманот.

7. Било кој натпреварувач кој ќе падне, или ќе биде нокаутиран и кој/а нема да може во рок од 10 секунди да стане, ќе се смета за неспособен(а) да продлжи со борење и ќе биде автоматски повлечен од Кумите натпревари во тој турнир. Во случај кога натпреварувачот ќе падне или ќе биде фрлен или нокатуриран и не стане веднаш, Реферот ќе го повика докторот И ке почне со прсти да брои до 10 на англиски јазик иницирајки секој прст за секоја секунда. Во сите случаи кадешто 10 секунди биле уклучени, докторот ќе биде замолен да го прегледа натпреварувачот. За инциденти кои спаѓаат под правилот 10 секунди, натпреварувачот може да биде прегледан на татамито.

***Објаснувања:***

I. *Ако докторот го прогласи учесникот за неспособен, се прави соодветен запис на картицата на натпреварувачот. Степенот на неспособност јасно треба да им се покаже и на другите судии.*

II. *Натпреварувач може да победи преку дисквалификација на противникот за акумулирано грешки на прекршоци од Категорија 1. Можеби натпреварувачот не се здобил со повреда.*

III. *Реферот може да го повика докторот ако натпреварувачот е повреден и има потреба од лекарска помош со дигање на раката и вербално да повика доктор.*

IV. *На натпреварувачот треба да му биде покажано да излезе од татамито со цел да биде прегледан и третиран од докторот, доколку е физички способен да го направи тоа.*

V. *Докторот треба да направи мерки на заштита кои се однесуваат на соодветен лекарски третман за повредениот учесник.*

VI. *Судиите ќе одлучат кој е победник врз основа на HANSOKU, KIKEN или SHIKKAKU, зависно од случајот.*

VII. *Во екипен натпревар ако членот на тимот добие КИКЕН или биде дисквалификуван (HANSOKU или SHIKKAKU), неговите бодови, ако воопшто ги има во таа борба, ќе бидат нула ( 0 ), а противничките поени ќе бидат осум ( 8 ).*

## ЧЛЕН 11: ОФИЦИЈАЛЕН ПРОТЕСТ

1. Никој не може да протестира против одлуката на членовите на Судискиот Панел.

2. Ако реферот не постапува согласно со правилата, тренерот на натпреварувачот, или негов официјален претставник е единствен кој може да вложи протест.

3. Протестот ќе биде во писмена форма доставен веднаш по борбата од каде што произлегува протестот (единствен исклучок е кога протестот се однесува на администартивна грешка. Менаџерот на татами треба веднаш да биде известен ако се открие административна грешка).

4. Протестот треба да се достави до претставник на Апелационото жири. Жирито на време ќе ги разгледа околностите што довеле до протестот. По разгледување на сите можни факти, тие ќе направат извештај, и имаат право да преземат потребни мерки.

5. Било каков протест против примената на правилата, треба да биде објавен од страна на тренерот не повеке од 1 минута после борбата.

Тренерот ке побара протестен лист од страна на татами менаџерот и има 4 минути да го пополни, потпише и предаде на татми менаџерот со содветната надокната. Татами менаџерот веднаш ке го предаде потполнетиот протест до преставник на Апелациското жири кои имаат 5 минути да го одговорат. во согласност со постапката за жалба дефинирани од Извршниот комитет на WKF. Истиот мора да е поднесен во писмена форма и потпишан од официјален претставник на тимот или натпреварувачите.

6. Подносителот на протестот (жалбата) треба да депонира протестна сума на пари дефинирана со одлука на Извршниот комитет на WKF, и тоа, заедно со протестот се доставува до претставникот на Апелационото Жири.

**7. Состав на Апелационото жири**

Апелационото жири е составено од тројца рефери назначени од судиската комисија(СК). Неможе два члена да бидат номинирани од иста Национална Федерација. Судиската комисија треба да назначи три члена како разерва со редослед од 1 до 3 доколку треба да биде сменет некој од Апелационото жири во ситуации на конфликт на интереси како член на апелационото жири е од иста националност или има фамилијарна или крвна врска со една од страните инволвирани во протесниот инцидент, вклучувајќи ги тука и членовите на Судискиот Панелот.

**8. Процес на евалуација на протестот**

Одговорност на страната што го прима протестот да го повика Апелационото жири и парите да се депонираат кај благајникот.
Штом се состане Апелационото жири веднаш почнува со испитување, како што тие сметаат дека е неопходно да се поткрепи суштината на протестот. Секој од трите членови е обврзан да даде негова/нејзина одлука за валидноста на протестот. Неодлучност не е прифатлива.

**9. Одбивање на протестите**

Доколку се утврди дека протестот не е валиден Апелационото жири ќе одреди еден член усно да им објасни на поднесувчите на протестот зошто тој е одбиен, да се маркира оргиналниот документ со зборот ОДБИЕН, и да се потпише од сите членови на Апелационото жири, а депонираните пари благајникот треба да ги предаде на генералниот секретар.

**10. <u>Прифатени протести</u>**

Доколку протестот е прифатен Апелационото жири ќе соработува со Организациониот комитет и со Судиската комисија да се преземат сите мерки како практично да се изведе исправање на ситуацијата вклучувајќи:

- Враќање на претходната одлука што била спротивна на правилата
- Поништување на резултатите од опфатени мечеви од точка на пред инцидентот
- Преигрување на мечевите што биле опфатени со тој инцидент
- Издавање на препорака до Судиската комисија за инволвираните рефери се проценети за корекција или санкции

Одговорноста е на Апелационото жири да се воздржат од вежби и јавни обвинување во преземањето акции дека тоа ќе ја расипе програмата на тој настан на било каков начин. Враќање на процесот на елиминации е последната опција за да се обезбеди фер исход.

Апелационото жири ќе назначи еден член кој усно ќе му објасни на поднесувачот дека протестот е прифатен, маркирање на оргиналниот документ со зборот ОДОБРЕНО и сите членови на Апелационото жири треба да го потпишат, пред депонирање на парите кај благајникот, кој ќе ги прати депонираните пари на поднесувачот на протестот, и ќе му ги препрати протесните документи на Генералниот Секретар.

**11. <u>Извештај за инцидентот</u>**

Следно во водење на инцидентот според пропишаните правила, Апелационото жири ќе продолжи и ќе го елаборира инцидент со едноставен извештај, опишувајќи ги заклучоците и основните причини зошто протестот е прифатен или одбиен. Извештајот треба да биде потпишан од сите тројца членови на Апелационото жири и го доставуваат до Генералниот Секретар.

**12. <u>Права и ограничувања</u>**

Одлуката на Апелационот жири е конечна, и може да биде променета само со одлука на Извршниот одбор.

Апелационото жири неможе да наметнува санкции или казни. Нивната функција е да дадат квалитетна одлука за протестот и отпочнуваат акции наложени од Организациониот комитет и

Судиската комисија да ги поправат сите судески процедури кои се спротивни на правилникот.

13. Посебна одредба за употреба на видео преглед: Оваа посебна одредба треба да се толкува како одделна и независна од другите одредби на овој член 11, и претендира објаснување на СКФ сениорски светски првенства, олимписки игри, млади олимписки игри, континентални игри, светски игри и мултиспортски игри употреба на видео преглед е задолжителна. Употреба на видео преглед исто така е препорачано за употреба на други натпревари каде што е можно. Процедурата за видео ривју е објаснета во прилог 11.

***<u>Објаснување:</u>***

*I. Протестот мора да ги содржи имињата на натпреварувачите, Судискиот Панел кој учествувал, и* ***прецизните детали за она за кое се протестира****. Никакви општи жалби за вкупните стандарди нема да бидат прифатени како легитимен протест. Поднесувачите на жалбата треба да ја докажат оправданоста на протестот.*

*II. Протестот ќе биде разгледан од Апелационото жири, и како дел од тој преглед, жирито ќе ги проучува доказите доставени заедно односно може да ги проучува видео лентите и да ги испраша официјалните лица, заради по објективно проучување на протестот.*

*III. Ако Апелационото жири одлучи дека дека протестот е валиден, ќе се преземе соодветна мерка. Покрај тоа, сите такви мерки ќе бидат преземени за да се избегне во иднина повторна појава од таков тип на натпреварите. Депозитиот ќе биде вратен од благајникот.*

*IV. Ако Апелационото жири смета дека протестот не е валиден, истиот ќе биде поништен, а депозитот префрлен на WKF.*

*V. Одложување на борбите или натпреварите поради протестот нема да има, дури ако се подготвува официјален протест. Арбитраторот е одговорен средбите да бидат спроведени согласно Правилникот за натпревари.*

*VI. Во случај на административна грешка за време на борбата, тренерот може да го извести Контролорот на борилиштето директно. Контролорот пак го извести Реферот.*

---

## ЧЛЕН 12: ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СУДИИТЕ

---

## СУДИСКА КОМИСИЈА

Правата и должностите  на Советот на Судии се следните:

1. Да обезбеди правилна подготовка за секој турнир во консултација со Организационитет комитет, во однос на уредување на борилиштето, употребата на сета опрема, заштитни мерки, супервизија и тн.
2. Да се наименуваат  Менаџери на татами на секое борилиште  и на нивните места  да се преземат такви активности какви се предвидени во извештаите на Контролорите.

3. Да надгледуваат и да ја координираат вкупната работа на реферите.

4. Да ги одредуваат официјалните замени по потреба.

5. Да ја донесат конечната одлука за прашања од техничка природа што може да се јават во текот на една борба и за кои нема опис во правилата.

**МЕНАЏЕРИ НА ТАТАМИ  И АСИСТЕНТИ НА МЕНАЏЕРИ НА ТАМИ**

Правата и должности на Менаџерите се:

1. Да делегираат, именуваат и надгледуваат судии во борилиштето (рефери) и аголни судии (џаџис) за време на сите борби.

2. Да ја надгледуваат работата на реферите и аголните судии во нивните борилишта, и да се осигураат дека другите официјални лица се способни да ги извршуваат поставените задачи.

3. Да му наредат на реферот да ја стопира борбата ако меч супервизор сигнализира повреда на Правилата за натпревари.

4. Да подготват дневен писмен извештај за работењето на секое официјлано лице под нивна супервизија, заедно со сите препораки, ако ги има, до Судиската комисија.

5. Назначува двајца судии за Видео ревју со ВКФ Рефери А лиценца.

**РЕФЕРИ (СУДИИ ВО БОРИЛИШТЕТО)**

Овластувањата на реферите се следните:

1. Реферот (SHUSHIN) ќе ги води борбите вклучувајки објавување на почеток, прекин и крај на борба и мечот.

2. Доделува поени базирано на одлуките на џаџите.

3. Да го запира мечот кога има повреда, болест или приметува неспособност на натпреварувачот да продолжи.

4. Да го запира мечот кога по негово мислење има поен казна или да ја обезбеди сигурноста на натпреварувачите.

5. Да го запира мечот кога двајце џаџи покажуваат поен или џогаи.

6. Да означи забележани казни, за што бара согласност од џаџите.

7. Да побара потврда од судиите во случај кога има основа да ја преиспитаат нивната одлука за предупредување или казна, според неговото мислење.

8. Ги повикува судиите за консултација (Шуго) за препорака на Шикаку.

9. По потреба, ќе им објаснува на менаџерот на татамито , Советот на рефери или на  Апелационот жири за основата на одредена одлука.

10. Да казнува и да објавува опомени зависно од одлуките на џаџите.

11. Да ги најавува и почнува екстра мечевите кога е потребно во екипни мечеви.

12. Да го спроведува гласањето на судиите, вклучувајќи го и неговиот глас (HANTEI) и да го објавува резултатот.

13. Да разрешува нерешено.

14. Да го објавува победникот.

15. Овластувањата на Реферите не се ограничени само на борилиштето  туку и на непосредната околина вклучувајќи ја контролата врз тренерите, други натпреварувачИ,  или било кој дел од придружбата на натпреварувачите присутни во околината на татамито.

16. Реферот  ги дава сите наредби и ги врши сите објавувања.

## ЛИНИСКИ СУДИИ (JUDGES)

Линиските судии (FUKUSHIN) одлучуваат за следното:

1. Да сигнализираат поени, и џогаи на своја иницијатива
2. Да сиглизираат предупредувања или казни иницирани од рефрито.

3. Имаат право на глас при донесување на одлуки.

Судиите внимателно ги набљудуваат акциите на натпреварувачите и му сигнализираат мислење на реферот во следниве случаи:

а) ако забележат поен
б) ако натпреварувачот излегол од зоната за натпревар (JOGAI)
ц) Кога е побарано од реферот да поддржи одлука за било која казна.

## МЕЧ СУПЕРВИЗОР

Меч супервизор (KANSA) ќе му асистира на менаџерот на татамито со надгледување на борбата или кругот што се во тек. Ако одлуката на реферот и/или линиските судии не е восогласност со Правилникот за натпревари, супервизорот веднаш ќе го подигне црвеното знаменце и ќе сигнализира со свирка. Менаџерот на татамито ќе му даде инструкции на реферот да ја сопре борбата или кругот за да се поправат неправилностите. Извештаите што се водат за борбата ќе бидат официјални извештаи одобрени од меч супевизорот. Пред почеток на борбата меч супервизор ќе провери дека натпреварувачата опрема и кимоно е во соодветно со ВКФ правилата за натпревар. Иако организаторот може да има проверка пред натпреварот, сепак е одговорност на Канзата да се осигура дека опремата е според правилата. Меч супервизорот не ротира за време на екипни мечеви.

Препораки

Во следниве ситуации Канзата ке го подигне знамето и ке свирне со свирчето:

- Рефрито ке заборави да иницира Сеншу
- Рефрите ке заборави да го одземе Сеншуто
- Рефрито ке даде поен на погрешен натреварувач
- Рефрито ке даде поен на еден натпреварувач и категорија 2 за преувеличување на другиот
- Рефрито ке даде поен на еден и мубоби на друг натпреварувач
- Рефрито ке даде поен за техника после Јаме или кога времето е завршено

- Рефрито дава поен на натреварувач кој е надвор од татамито
- Рефрито дава пазсивност категорија 2 за време на атоши бараку
- Рефрито дава погрешно предупредување или казна Категорија 2 за време на атоши бараку
- Рефрито не ја запира борбата иако има две знамиња за поен или џогаи за ист натпреварувач
- Рефрито не ја запира борбата кога тренерот бара видео ривју
- Рефирто не ги следи мнозинството на знамиња
- Рефрито не го повикува докторот во ситуација на 10 секунди
- Рефрито повикува на Хантеи/Хикеваки кога Сеншу е доделено
- Семафорот не покажува вистинските информации
- Техниките побарани од тренерот се после Јаме или завршено е времето

Во следниве ситуации Канзата нема да се меша во одлуките на судискиот панел:

- Џаџите нема дигнат знаме за поен
- Џаџите нама да дигнат знаме за џогаи
- Степенот на категорија 1 што панелот ке го досуди
- Канзата нема глас или авторитет за досудување на пример дали поенот е валиден или не
- Во случај рефрито да не го слушне семафорот за крај на борба контролорот на евеидентичарите ке свирне со свирка, не Канзата

## КОНТРОЛОР НА ЕВИДЕНТИЧАРИТЕ НА РЕЗУЛТАТОТ И ВРЕМЕТО

Контролорот ќе води посебен извештај за бодовите доделени од реферот и во исто времеќе ги контролира евидентичарите за време и евидентичарите за бодови.

***<u>Објаснување:</u>***

I. *Ако **два или повеќе судии**, или укажат на поен или џогаи за ист натпреварувач, реферот ќе ја стопира борбата и ќе ја разгледа одлуката соодветно. Ако реферот не ја прекине борбата, меч супервизорот ќе подигне црвено знаме ќе свирне со свирка. Кога Рефрито ќе одлучи да ја запре борбата за било која причина различна од сигнал од двајца или повеќе судии ќе викне JAME во исто време ќе го употреби пропишаниот знак со рака. Џаците ќе ја покажат својата одлука и Рефрито ќе донесе одлука какоја е согласна со двајца или повеќе џаци.*

II. *Во случај кога двајцата натреварувачи имаат поен, предупредување или казна иницирани од двајца или повеќе судии, двата*

*натпреварувачи ќе им се доделат нивните поени, предупредувања или казни.*

III. *Доколку еден натпреварувач има поен, предупредување или казна инициран од повеќе од еден судија и поенот или казната е различен меѓу судиите, понискот поен, предупредување или казна ќе биде доделена ако нема мнозинство за еден степен на поен, предупредување или казна.*

IV. *Доколку има мнозинство но несогласување меѓу судиите за еден степен на поен, предупредување или казна, мнозинството ќе го надгласа принципот на примена на најнискиот степен на поен, предупредување или казна.*

V. *При HANTEI реферот и четирите линиските судии имаат секој по еден глас.*

VI. *Улогата на меч супервизор е да обезбеди  услови за борба  согласно правилата за натпревари. Тој нема улога на додатен судија. Нема право на глас, нема овластувања во врска со одлука, во смисол да ли бодот е валиден или има JOGAI.  Неговата одговорност е постапката.*

VII. *Ако реферот не го слушне ѕвоното за истекот на времето, контролорот на евидентичарите ќе свирне со свирка.*

VIII. *При објаснување на судењето по натпреварот, Судиете можат да разговарат со менаџерот на татамито, Советот на судии, или со Апелационото жири. Со друг не смее да разговараат.*

IX. *Судијата може врз основа на своето мислење, да отстранат секој тренер што не се однесува примерно, или според мислење на судијата се меша во натпреварот И може да го одложИ продолжување на мечот додека тренерот не се согалси. Истата авотризација важи за судијат И врз било која придружба на наптреварувањот.*

## ЧЛЕН 13: ПОЧЕТОК, ПРЕКИН И  КРАЈ  НА  БОРБАТА

1. Терминиите и гестикулациите што ќе ги користат реферот и линиските судии при борбата ќе бидат дефинира во Прилогот 1 и 2.

2. Реферот и џаџите ќе ги заземат одредените позиции и по размената на поздрави (поклонување) помеѓу натпреварувачите кои треба да стојат напред на нивтата назначена коцка на татамито најблизу до нивниот противник, реферот ќе објави: SHOBU HAJIME и борбата ќе почне.

3. Реферот ќе ја прекине борбата со YAME. Ако е потребно, реферот ќе им нареди на натпреварувачите да ги заземат почетните позиции (MOTO NO ICHI).

4. Кога реферот се враќа на својата позиција; линиските судии тогаш го кажуваат своето мислење со помош на сигнал. Ако треба да се додели поен, реферот го идентификува натпреварувачот (Aka или Ao), местото на напад и потоа го доделува поенот со наведен гест. Потоа реферот повторно ќе ја почне борбата со извикување TSUZUKETE HAJIME.

5. Ако натпреварувачот има разлика во водство од 8 поена за време на борбата реферот вика YAME и ги враќа натпреварувачите во почетната линија и тој се враќа на неговата позиција. Потоа се прогласува победникот и реферот подига рака од страна на победникот изјавувајќи AO (AKA) NO KACHI. Борбата е завршена во тој момент.

6. Ако заврши времето натпреварувачот кој има најмногу поени се прогалсува за победник, реферот ја подига раката на страната на победникот изјавувајќи AO (AKA) NO KACHI. Борбата е завршена во тој момент.

7. Во случај на нерешена борба судискиот панел (рефрито и четворицата џаџи) ќе ја решат борбата со ХАНТЕИ

8. Ако се соочи со една од следниве ситуации, реферот ќе извикне YAME и привремено ќе ја стопира борбата:

а) ако едниот или двата натпреварувачи се надвор од бориштето;
б) ако реферот им нареди на натпреварувачите да ги наместат кимоната или заштитната опрема;
в) ако натпреварувачот ги прекршил правилата;
д) ако реферот мисли дека едниот или двајцата натпреварувачи не можат да продолжат со борбата поради повреди, болест или други причини. Водејќи сметка за мислењето на докторот, реферот ќе одлучи да ли да продолжи борбата или не;
ѓ) ако натпреварувачот го зграпчи противникот и не изврши техника, или не го фрли;
е) ако едниот или двајцата натпреварувачи паднат или се фрлени и ни еден натреварувач не може веднаш да поентира;
ж) Кога двајцата натпреварувачи ќе се фатат или ќе влезат во клинч без обид веднаш за фрлање или поентирачка техника.
з) Кога двајцата натпреварувачи стојат гради во гради без обид веднаш за фрлање или друга техника.

s) ако и двајцата натпреварувачи не се на нозе по пад или по обид за фрлање и почнат да се борат;
и) кога поен или џогаи ќе биде индицирана од два или повеќе судии за ист натпреварувач.
ј) Кога по мислење на реферот има казна, или го запира мечот од безбедносни причини.
к) кога е наложено од менаџерот на татамито

***Објаснување;***

*I. При почнување на борбата, реферот прво ги повикува натпреварувачите кон стартните линии. Ако натпреварувачот влезе пред време во борилиштето, треба да се врати назад. Натпреварувачите треба да се поклонат еден кон друг - брзо климнување не е доволно. Реферот повикува на поклон ако никој не се поклонил како што е прикажано во Прилогот 2 од правилата.*

*II. При повторно почнување на борбата, реферот треба да провери дали и двата натпреварувачи се на своите линии и се правилно застанати. Натпреварувачи кои скокаат мора да се смират пред да започне повторно борбата. Реферот мора да ја продолжи борбата со најмало задоцнување.*

*III. Натпреварувачите ќе се поклонат меѓусебно на почетокот и крајот на секоја борба.*

# ПРАВИЛНИК ЗА КАТИ

## ЧЛЕН 1: КАТА БОРИЛИШТЕ ЗА НАТПРЕВАР

1. Борилиштето за натпревар треба да е ВКФ одобрене татами, со страни од 8 метри (мерено од надворешна страна) со дополнителен еден метар од сите страни како заштитан зона. Ке има чиста заштитна зона од два метри од сите страни. Кога ке има подигната арена за на натпревар, треба да има доплнителне еден метар од сите страни.
2. Татамите треба да бидат еднобојни со исклучок на тие татами што се на 8x8 метри кои ке имаат поинаква боја.
3. Судиите и софтвер техничарот се седнати едни до други на масата на крајот од татамито со лице кон натпреварувачите со Џаџ број 1 најблиско до софтвер техничарот кој седи на крајот од масата.

***Објаснување:***

I. Не смее да има рекламни маси, ѕидови, столбови итн. Еден метар од периметарот на заштитната зона.
II. Татмите треба а бидат не лизгачки каде тие се допираат со подот правилно но имаат и мал коефициент на триење на горната површина. Татами менаџерот мора да се осигура дека модулите нема да се мрдаат за време на натпреварот, бидејќи празнинете предизвикуваат повреди и опасности. Татамите мора да бидат ВКФ одобрени.

## ЧЛЕН 2: ОФИЦИЈАЛНА ОБЛЕКА

1. Натпреварувачите и нивните тренери мора да носат облека како што е дефинирана. Рефри комисијата може да врати било кое официјално лице или натреварувач кои не се соодветни на правилата.

***Објаснување:***

I. *Карате-ги кимоната не смеат да се соблечат за време на Ката натпреварот.*
II. *Натпреварувачите кои ќе се појават неправилно облечени ќе добијат време од една минута за корекција.*

**СУДИИ**

1. Судиите во борилиште (рефрите) и линиските (џаџис) судии мора да носат официјална униформа одредена од Советот на судии. Таа униформа мора да се носи на сите турнири, брифинзи и семинари.

2. Официјалната униформа е следната:
Тегет сако со едноредно закопчување.
Бела кошула со кратки ракави
Официјална вратоврска, без игла за вратоврска. Црно свирче
Дискретна бела врвца за свирка.
Едноставни светлосиви панталони, без манжетни. (прилог 11)
Едноставни тегет или црни чорапи и црни мокасини за употреба на соодветна подлога.
Судиите жени може да носат шнола за коса и тип на капа за коса одобрен од ВКФ и дискретни обетки. Рефри и џаџи можат да носат венчан прстен.

3. За олимписки игри, млади олимписки игри, европски игри и други мултиспортски настани каде што вкрстени униформи се потребни за судиите на сметка на ОК со изглед на спицифичноста на настанот, официјална униформа на судиите можат да бидат заменети од вообичаените униформи, но прво треба да се побара официјално барање до СКФ.

**НАТПРЕВАРУВАЧИ**

1. Натпреварувачите мора да носат бело необележано карате кимоно без линии, нашивки или персонални везови други освен дозволени од изврсниот комитит на СКФ. Само националниот амблем или знаме на земјата е дозволено. Тоа мора да е на левата страна на горниот дел на кимоното, големината на истото не смее да надминува 12 cm на 8 cm. Само оригиналните ознаки на производителот може да се прикажани на кимоното. Покрај ова, идентификацискиот број издаден од Организациониот Комитет може да се носи на задниот дел. Натпреварувачите носат син или црвен појас зависно од одредениот пул. Црвениот и синиот појас треба да се околу 5 сантиметри широки и долги онолку да се има

15 см слободен пад од чворот но не подолго од 3/4 должина на бутот. Појасите се од обична црвена и сина боја, без персонални везови или реклами или други знаци освен вообичанената етикета од производителот.

2. И покрај параграфот 1, Извршниот комитет на ВКФ може да одобри прикажување на специјални ознаки или знакови од одредени спонзори.

3. Горниот дел од кимонотото, кога ќе биде стегнат околу струкот со појасот, мора да ги покрива колковите, но не смее да е подолга од три четвртини од должината на бутови. Женските натпреварувачи може да носат обична бела памучна маица под кимоното. Врвките на горнит дел од кимоното мора да се врзани. Не може да се користи кимионо без врвци.

4. Максималната должина на ракавите на кимоното не смее да е подолга од зглобот на раката и не по кратка од половина на должина од подлактицата на раката. Ракавите од кимоното не смеат да се виткаат.

5. Панталоните треба да се доволно долги да покриваат 2/3 од подколеницата. Пантолоните не смеат да се виткаат.

6. Косата на натпреварувачите треба да е чиста и подшишана со должина која нема да му попречува на натпреварувачот во изведба на ката. Хачимаки (лента за коса) не е дозволено. Ако судијата мисли дека косата на некој натпреварувач е нечиста и/или предолга, натпреварувачот може да биде отстранет од натпреварот. Забрането е носење на шноли за коса или метални штипки. Ленти, украси и други декорации се забранети. Дозволена е дискретна гумена лента една или две или мал држач за коса. Жените натпреварувачи можат да носат религиозни капи за коса одобрени од ВКФ.

7. Жените натпреварувачи можат да носат ВКФ одобрени шамии од обична црна ткаенина за покирвање на косата, но не во обласата на грлото.

8. Натпреварувачите не смеат да ност ништо метално или други работи.

9. Носење на наочари е забрането. Меки контактни леќи може да се носат на ризик на натпреварувачот.

10. Носење на непропишано одело, облека или опрема е забрането.

11. Задолжение на Меч супервизорот е да се осигура пред почетокот на мечот дека натреварувачите носат одобрена опрема.

(Во случај на континентално, интернационално или нациналнo првенство треба да се напомене дека опремата мора да биде одобрена од WKF и не смее да биде одбиено).

12. Употребата на завои, преврски или други помагала поради повреда треба да е одобрена од судијата по препорака на турнирскиот лекар.

**ТРЕНЕРИ**

1. Тренерот, за целото време на турнирот мора да носи тренерка на нивната национална федерација и да носи картичка за идентификација со исклучок на борбите за медаља на официјални ВКФ настани каде машките тренире мора да носат темен костум со кошула и вратоврска- додека женитет тренери можат да изберат да носат фустан, панталони или комбинација на сако и сукња во темни бои. Жени тренери можат да носат религиозна капа за коса одобрена од ВКФ.

***ОБЈАСНУУВАЊЕ***

*I. Ако еден натпреварувач дојде во зоната за натпревар неправилно облечен(а), тој или таа нема веднаш да биде дисквалификуван, наместо тоа ќе им биде дадена една минута да се корегираат.*

*II. Ако Советот на судии се согласи, на официјалните судии може да им биде дозволено да го соблечат сакото.*

*III. Горниот дел на кимоното не смее да биде отстрането за време на изведба на ката*

---

## ЧЛЕН 3: ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАТА НАТПРЕВАР

ОБЈАВА: Организација на олимписки ката натпревар е различено од Член 3 и е поврзано со организациска структура објаснето во Прилог 15

1. Ката натпреварите се изведуваат тимски и индивидуално. Тимските изведби се натпревари помеѓу тимови од по три члена. Секој тим е или машки или женски. Индивидуалните Ката натпревари се состојат од индивидуални изведби, посебни во машка и женска конкуренција.
2. На ВКФ Светско или континентални првенства, четирите медалисти (златна, сребрена и две бронзи) од последното првенство ке бидат носители. За Карате – 1 премиер лига најдобрите 8 ранигрнаи на ден пред натпреварот ке бидат носители. Правото на носител не се пренесува надоле доколку некој од носителите е отсутен.

3. Електронскиот ката систем ке го одредеи распоредот на натпреварувачите по случаен избор по првиот круг но не и за мечевите за медали.
4. Бројот на наптреварувачи ке го определи бројот на групи кои ке учествуваат во елиминациските рунди.
5. Елиминациски систем за кати е поделен на натпреварувачи (тимови и индивидуално) во еднаков број на групи од 8 ( со исклучок кога се помалку од 11 или повеке од 96) и секој круг се намалува бројот на натпреварувачи со тоа што најдобрите 4 одат во следниот круг- додека не останат две групи на натпреварувачи (индивидуални или тимови), каде натреваруваччите со најголама оцека во двете групи одат на меѓусебен меч за прво место (поразениот добива второ место) и натреватуваччите кои има втор  резулатат во двете групи одат против натпреварувачте кои имаат трет резулатат во меч за бронзен медал.
   - Во натпревар каде има 3 или помалку натпреварувачи една ката е потребна за да се дојде од 1 до 3 место
   - Со 4 натпреварувачи две групи по двајца се прават и првите од групите одат за прво место а поразените се автоматски 3 место
   - Со 5-10 натправатувачи има 2 групи и тројцата најдобро пласирани од групите одат за медали. Потоа групите ја пратат номралната процедура. Најдобро пласираните одат за прво место а вторите ке се сретнат со третопласираните за трето место.
   - Во натпревар со 11-24 натраварувачи, две групи се формираат. По првата ката најдобрите 4 формараат две групи од по четири, втората ката ке ги детерминира 6 натпреварувачи (3 од секоја) кои ке одат во трета рунда по медали во нормална процедура.
   - Во наптревар од 25 до 48 натправарвуачи 4 групи се формираат. После првиот круг напред одат по 4 наптреварувачи. Се формираат 2 групи од по 8 наптраврувачи. Следи трета ката и напредуваат 8 натпреварувачи по 4 од двете групи. По тоа остануваат по 3 наптреварувачи од двете групи да учествуваат во мечеви за медали изведувајќи четврта ката.

6. Основниот број на наптреварувачи во група се 8 -но каде бројот на натпреварувачи е поголем од 64 но е под 96, тие кои се погоре од 64 се внесени во 8те групи до максимум 12 по група.
7. Кога бројот на напреварувачи е 97 до 192 бројот на групите се дуплира до 16 - намалувајќи го бројот на натреварувачи по група - но сеуште селектирајќи ги првите 4 од 8те групи со 8 направарувачи (вкупно 64 натпреварувачи) за следната рунда
8. Доколку има 193 или повеке натправрувачи бројот на групи ке се дуплира на 32 за да се намалат бројот наптреварувачи по групи, и пак напред одат 4 од секоја група остануваат 16 групи или тотал 128 натпреварувачи за следиот круг.

9. Истиот панел на судии мора да бидат за сите натпреварувачи во група на секоја рунда.
10. Нема да има репасаж освен ако е поинаку специфицирано за тој натревар. Индивидуален натпреварувач или тим кои нема да се појават кога ке бидат викнати ќе бидат дисквалификувани од таа категорија, но тоа нема ефект за партиципација во друга категорија.

11. Во мечевите за медали на ката тимовите, тимовите ќе ја изведат избраната ката на вообичаен начин. Потоа ќе го демонстрираат значењето на катата (BUNKAI). Вкупното време дозволено за демонстрирање на Ката и BUNKAI комбинирано е пет (5) минути. Официјалниот мерач на време ќе го започне одбројувањето на времето штом членовите на тимот ќе се поклонат кога ке почнат со катата, а ќе го запре часовникот со завршното поклонување после бункаи изведбата. Тимот кој нема да се поклони на почеток и на крај на изведбата или ќе го престапи дозволеното време од 5 минути ќе биде дисквалификуван. Користење на традиционално оружје, додатна опрема или додаток на облека не е дозволено.

***<u>Објаснување:</u>***

1. *Следнава табела ке објасни бројот на пулови и групи во зависност од натпреварувачите*

| *Број на натпреварувачи* | *Број на групи* | *Број на кати за победа* | *Натреварувачи во втора рунда* |
|---|---|---|---|
| **2** | **1** | **1** | **Нула (нема втора рунда)** |
| **3** | **1** | **1** | **Нула (нема втора рунда)** |
| **4** | **2** | **2** | **Меч за медал (само за злато)** |
| **5 до 10** | **2** | **2** | **Меч за медал** |
| **11 до 24** | **2** | **3** | **8 натпреварувачи** |
| **25 до 48** | **4** | **4** | **16 натпреавувачи** |
| **49 до 96** | **8** | **4** | **32 натраварувачи** |
| **97 до 192** | **16** | **5** | **64 натреварувачи** |
| **193 и повеке** | **32** | **6** | **128 натправарувачи** |

## МАНУАЛНА АДАПТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА СУДЕЊЕ КАТА

На натпревари каде што електронскиот систем за судење не е возможен, можна е употреба на мануелен рачен семафор. Во такви случаи сигналот за прикажување на семафорот ке биде даден од страна на главниот џаџ со свирка, и потоа со давање на вториот

сигнал со свирка кога најавувачот ке ги објави резултатите. Седумте судии од панелот се селектирани од татами менаџерот или од асистенот на татами менаџерот.

Понатаму, една оцена се дава каде е вклучена и техничите и атлетските карактеристики. Судиите мораат да имаат во предвид дека тежината на оцената треба да биде мерена со 70% техничка изведба и 30% за атлетска изведба.

Во случај мануелниот систем има натпреварувачи (или тимови) да има нерешено тие ке изведат уште една дополнителна ката каде судиите ке треба да дадат различна оцена за да се разреши нерешениот резултат.

## ЧЛЕН 4: СУДИСКИ ОДБОР

1. За сите ВКФ натпревари Судискиот панел од седум судии за секоја рунда ке бидат определени со случаен избор на селекција на компјутерски програм.
2. Во мечевите за медеали ниеден судија не смее да биде од иста националност со натправрувачите.

3. За секој меч, еден судија ке биде назначен како главен судија и ке води било каква потребна комуникација со софтвер техничарот и ке ги разрешува сите непредвидени ситуации со судиите.

4. Распределба на судиите и панелите:

   За елиминациските рунди секретарот на судиската комисија ке назначи софтвер техничар кое ке користи софтвер за електронско делегирање на судии по татами. Оваа листа е направена од секретарот на судиската комисија откако ке биде направен ждребот на натпреварувачите и на крај на рефри брифингот. Оваа листа мора да содржи судии кои што се присутни на брифингот и погоре споменатите критериуми. Потоа софтвер техничарот ке ја внесе листата во систем и системо случајно ке бира 7 судии за панел за секоја рунда

   За борби за медали татами менаџерот ке поднесе до Претседателот и секреторот на судиската комисија листа од судии од своето татми кога последната борба ке заврши. Кога листата ке биде одобрена од Претседателот на судиската комисија листата ке биде вметната во системот. Системот по случаен избор ке ги направи панелите по 7 судии по татами.

4. Дополнително на софтвер техичарот, и објавувач на резултат - во екипни натпревари, во борва за медали ке биде асистиран со мерач на време за да мери максимално време на изведба.
5. Поради целисходност најавувачот и софтвер техничарот за електронскиот систем може да биде една личност
6. Понатаму организаторите треба да имаат луѓе за секое татами кои ги знаат катите од листата како би ја запишувале катата на натпреварувачите и да ги донесат до софтвер техничарот. Одговорност е на Татами менаџерот да ги надгледува операциите од тие луѓе.
7. За натпревари кои не се бодуваат за ВКФ листата, бројот на судии може да се намали на 5. Во тие случаи само најниската и нависоката оцена се елеминираат.

***<u>Објаснување:</u>***

*I. Сите судии и софтвер техничарот се седнати на челна линија на официјалната маса, по можност позади единечна маса.*

*II. Главниот судија ке седи најблиску до софтвер техничарот кој ке седи на крај на масата.*

## ЧЛЕН 5: КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

5.1 Официјална листа за кати
Само кати од официајлната листа можат да се изведуваат

| | | |
|---|---|---|
| Anan | Jion | Papuren |
| Anan Dai | Jitte | Passai |
| Annanko | Jyuroku | Pinan 1-5 |
| Aoyagi | Kanchin | Rohai |
| Bassai Dai | Kanku Dai | Saifa (Saiha) |
| Bassai Sho | Kanku Sho | Sanchin |
| Chatanyara Kushanku | Kanshu | Sanseiru |
| Chinte | Kosokun (Kushanku) | Sanseru |
| Chinto | Kosokun (Kushanku) Dai | Seichin |
| Enpi | Kosokun (Kushanku) Sho | Seienchin |

| | | |
|---|---|---|
| Fukygata 1-2 | Kosokun Shiho | Seipai |
| Gankaku | Kururunfa | Seirui |
| Garyu | Kusanku | Seisan (Seishan) |
| Gekisai (Geksai) 1-2 | Matsumura Rohai | Shinpa |
| Gojushiho | Mattskaze | Shinsei |
| Gojushiho Dai | Matusumura Bassai | Shisochin |
| Gojushiho Sho | Meikyo | Sochin |
| Hakucho | Myojo | Suparinpei |
| Hangetsu | Naifanchin (Naihanshin) 1-3 | Tekki 1-3 |
| Haufa | Nijushiho | Tensho |
| Heian 1-5 | Nipaipo | Tmorai Bassai |
| Heiku | Niseishi | Useishi (Gojushiho) |
| Ishimine Bassai | Ohan | Unsu (Unshu) |
| Itosu Rohai 1-3 | Pachu | Wankan |
| Jiin | Paiku | Wanshu |

**Забелешка:** Имињата на некои кати се удвоени поради варијации во правопис на романизација. Во некои случаи ката може да биде позната под друго име од стил до стил, во исклучителни случаи може да биде исто име а различна ката (од стил до стил)

**5.2. ПРОЦЕНА:**

При оценување на натпреварувач или тим судиите ќе оценуваат изведбата базирана на  два главните критериуми (техничка изведба и атлетска изведба).

Изведбата се оценува од поклонот на почеток на катата до поклонот на крајот на катата, исклучок е мечевите за медал во тимска изведба каде што изведбата и саатот почнуваат при поклон на почетокот на ката  и завршува при поклон по изведба на бункаи.

Мала варијација ке биде дозволена според стилот на наптреварувачот (Рју- Ха)

Натпреварувачите мора да изведуваат различна ката секоја рунда. Еднаш изведена ката не смее да се повтори- дур ии ако се употребува за разрешување на нерешено. Само кати кои се на листата се дозволени.

**5.3. Систем за поентирање**

Технички и атлетска изведба се даваат посебни оцени употребувајќи оцени од 5.0 до 10.0 во чекори од 2 - каде 5.0 претставува

најниската оцена за ката 10.0 претставува перфектна изведба. За дисквалификација се идницира 0.0.

Системот ке ги елеминира двета највисоки и најниски оцени соодвено од техничката и атлетската извеба и ке каклулира оцена 70% за техничка изведба и 30% за атлетска изведба.
На бункаито ќе му биде дадена иста важност како и на катата.

**5.4.Разрешување на нерешено**
На натпревар ако натпреварувачи имаат ист број на поени, нерешено треба да биде разрешено со изведба на дополнителна ката да се одлучи кој натреварувач ке биде пред другиот.
Нерешено се разрешува само во случат ако треба да се одреди кој натреварувач треба да оди во следната рунда или да одреди резулатот од меч за медал.
Иако се даваат оцени за разрешување нан ерешено, оцени останауваат во записникот. Оцените за разрешување на нерешено нема да се употребат за да се смени редоследот на натпреварувачите кои се квалификувани за следната рунда,

**5.5 Критерија за евалуација**

| **Ката изведба** | **Бункаи изведба**<br>(се изведува во тимски мечеви за медал) |
|---|---|
| **1. Техничка изведба**<br>а. ставови<br>б. техники<br>в.транзициски движења<br>г.време<br>д. коректно дишење<br>ѓ.фокус (киме)<br>е.Соодветност: На самата форма и на стандардите на применливата стил | **1.Техничка изведба**<br>а. ставови<br>б.техники<br>в.транзициски движења<br>г.време<br>д. контрола<br>ѓ.фокус (киме)<br>е. Соодветност (на катата): Употреба на реални движења што се изведени во катата |
| **2.Атлетска изведба**<br>а.сила<br>б.брзина<br>в.рамнотежа | **2. Атлетска изведба**<br>а.сила<br>б.брзина<br>в.рамнотежа |

## Дисквалификација

Натпреварувач или тим може да биде дисклвалификуван за некои од следниве причини:

1. Изведба на погрешна ката или изјавување на погрешна ката.
2. Непоклонување на почеток или на крај на изведба на ката.
3. Јасна пауза или сопирање на изведбата за повеќе секунди.
4. Пречење на функијата на судиите (како што се судија да мора да се движи од безбедносни причини или да се направи физички контакт со судија)
5. Паѓање на појас при изведба
6. Надминување на вкупно време од 6 минути за ката и бункаи.
7. Изведба на фрлање со ножички во пределот на вратот во бункаи (Кани Басами)
8. Непратење на инструкции на главниот судија и други недолични однесувања.

## Грешки

Следниве грешки, доколку се случат мора да се земат во предвид

а. Мал дебаланс

б. Изведба на движење на неточен или некомплетен начин, како неуспех на блокирање или удар надвор од целта.

а. Несинхронизирано движење како што е удар пред целосна транзиција на телото, или во тим ката неупех на едновремено движење

в. Употреба на надворешни знаци (од било кое лице, вклучувајќи други членови на тимот) или театралност како удирање со стапалата, удирање во градите, рацете или кимоното, или некоректно издишување, мора да се земе во предвид како сериозна грешка од страна на судиите во нивната евалуација за изведбата на ката на исто ниво како и казнување на моментално губење на баланс.

д. Разлабавување на појасот до степен да се лизга од колковите при изведба

ѓ. Трошење на време, вклучувајќи пролонгирано движење, прекумерно поклонување или пролонгирана пауза пред почетокот на изведбата.

е. Причинување на повреда поради неконтролирана техника за време на бункаи.

***Објаснување:***

I. *Катата не е танц или театарска изведба. Мора да има придржување кон традиционалните вредности и принципи. Борачките вештини мора да се реални и да се покажува концентрација, сила и*

*потенцијална ударна сила во техниките. Мора да се демонстира сила, јачина и брзина- како и ритам, баланс и убав став.*

II. *Преправање без свест додека се изведува Бункаите е несоодветно: откако ке биде фрлен натпреварувачот или ке се подигне на едно колено или ке стане.*

III. *Во тимска ката, сите три члена на тимот мора да започнат со лица свртени во иста насока и кон судиите.*

IV. *Членовите на тимот мора да демонстрираат компетентност во сите аспекти на ката изведбата, како и синхронизација.*

V. *Единствена е одговорноста на тренерот или во случај да нема тренер, натпреварувачот да се осигура дека катата што е најавена на луѓето задолжени за запишување на ката е соодветна за тој круг.*

VI. *Иако изведба на фрлање со ножички во пределот на вратот во бункаи е забранета техника (Кани Басами) дозволено е фрлање со ножчки во пределот на телото е дозволено.*

VII. *Кога се разрешува нерешено оргиналниот резултат на натпреварувачот останува. Разгледувањето на резултатот за да се одлучи победник меѓу натпреварувачи кои имаат ист резулат нема да ги смени официјалните резултати.*

VIII. *Пример за сумирање на резултат:*

| | JUDGE 1 | JUDGE 2 | JUDGE 3 | JUDGE 4 | JUDGE 5 | JUDGE 6 | JUDGE 7 | TOTAL | FACTOR | RESULT |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Technical performance | 8.0 | 8.2 | ~~7.8~~ | ~~7.8~~ | ~~8.4~~ | ~~8.4~~ | 8.2 | 24.4 | 0.7 | **17.10** |
| Athletic performance | ~~7.8~~ | 8.2 | ~~7.8~~ | 8.2 | 8.2 | ~~8.4~~ | ~~8.4~~ | 24.6 | 0.3 | **7.38** |
| | | | | | | | | | | **TOTAL: 24.48** |

IX. *Во случај на натревар кој не се рагнира за ВКФ или за олимпијада, бројот на судии може да се намали на 5 - во тој случај се елиминираат најамлата и најголемата оцена наместо двете најголеми и најмали.*

## ЧЛЕН 6: ВОДЕЊЕ НА МЕЧЕВИТЕ

1. Натпреварувачите или тимовите се распределени во групи од 8 по татами.

2. Пред почетокот на рундата натпреварувачите или тимовите мора да ја пријават ката на луѓето задолжени за тоа кои ке му ја пренесат информацијата на софтвер операторот.

3. На почетокот на секоја рунда натпреварувачите или тимовите ке се поредат на параметарот од татамито со лице према судиите. (Рунда се подразбира как изведба на сите натпреварувачи во групата) Потоа следи Шомени Реи и потоа Отогани Реи, потоа натпреварувачите ке се повлечат.

4. Кога ке бидат повикани секој натпреварувач или тим ке застане во почетна позиција за ката.

5. Початната позиција за изведба е некаде во периметарот од татамито.

6. По поклонот натпреварувачот мора јасно да ја изјави катата која ке ја изведе и потоа ја изведува катата.

7. На краот на изведбата што се дефинира со финален поклон, натпреварувачот ке мора да ја чека објавата на евалуацијата ке се поклони и ке го напушти татамито.

8. На крајот на секоја група сите натпреваручи ке се подредат во линија и спикерот ке ги објави најдобрите четири кои ке одат во следната рунда. Името на најдобрите четири ке бидат покажани на мониоторот. Натпреварувачите ке се поклонат и ке го напуштат татамито.
9. Пред борбата за медали спикерот ке ги објави најдобрите тројца од двете групи кои ке одат во борба за медали.

***<u>Објаснување:</u>***

*I. Стартната точка на ката изведувањето е во рамките на периметарот на борилиштето за натпревар.*

*II. За систематска илустрација на добиени места во натпревар за кати според регулацијата на ВКФ правилата полгеднето го Прилг 16: премиер лига ката натпревар*

## ЧЛЕН 7: ОФИЦИЈАЛЕН ПРОТЕСТ

1. Никој не може да протестира против одлуката на членовите на Судискиот Панел.

2. Ако реферот не постапува согласно со правилата, тренерот на натпреварувачот, или негов официјален претставник е единствен кој може да вложи протест.

3. Протестот ќе биде во писмена форма доставен веднаш по борбата од каде што произлегува протестот (единствен исклучок е кога протестот се однесува на администартивна грешка. Менаџерот на татами треба веднаш да биде известен ако се открие административна грешка).

4. Протестот треба да се достави до претставник на Апелационото жири. Жирито на време ќе ги разгледа околностите што довеле до протестот. По разгледување на сите можни факти, тие ќе направат извештај, и имаат право да преземат потребни мерки.

5. Било каков протест против примената на правилата, треба да биде објавен од страна на тренерот не повеке од 1 минута после борбата. Тренерот ке побара протестен лист од страна на татами менаџерот и има 4 минути да го пополни, потпише и предаде на татми менаџерот со содветната надокната. Татами менаџерот веднаш ке го предаде потполнетиот протест до преставник на Апелациското жири кои имаат 5 минути да го одговорат. во согласност со постапката за жалба дефинирани од Извршниот комитет на WKF. Истиот мора да е поднесен во писмена форма и потпишан од официјален претставник на тимот или натпреварувачите.

6. Подносителот на протестот (жалбата) треба да депонира протестна сума на пари дефинирана со одлука на Извршниот комитет на WKF, и тоа, заедно со протестот се доставува до претставникот на Апелационото Жири.

**7. Состав на Апелационото жири**

Апелационото жири е составено од тројца рефери назначени од судиската комисија(СК). Неможе два члена да бидат номинирани од иста Национална Федерација. Судиската комисија треба да назначи три члена како разерва со редослед од 1 до 3 доколку треба да биде сменет некој од Апелационото жири во ситуации на конфликт на интереси како член на апелационото жири е од иста националност или има фамилијарна или крвна врска со една од страните инволвирани во протесниот инцидент, вклучувајќи ги тука и членовите на Судискиот Панелот.

**8. Процес на евалуација на протестот**

Одговорност на страната што го прима протестот да го повика Апелационото жири и парите да се депонираат кај благајникот. Штом се состане Апелационото жири веднаш почнува со испитување, како што тие сметаат дека е неопходно да се поткрепи суштината на протестот. Секој од трите членови е обврзан да даде негова/нејзина одлука за валидноста на протестот. Неодлучност не е прифатлива.

**9. Одбивање на протестите**

Доколку се утврди дека протестот не е валиден Апелационото жири ќе одреди еден член усно да им објасни на поднесувчите на протестот зошто тој е одбиен, да се маркира оргиналниот документ со зборот ОДБИЕН, и да се потпише од сите членови на Апелационото жири, а депонираните пари благајникот треба да ги предаде на генералниот секретар.

**10. Прифатени протести**

Доколку протестот е прифатен Апелационото жири ќе соработува со Организациониот комитет и со Судиската комисија да се преземат сите мерки како практично да се изведе исправање на ситуацијата вклучувајќи:

- Враќање на претходната одлука што била спротивна на правилата
- Поништување на резултатите од опфатени мечеви од точка на пред инцидентот
- Преигрување на мечевите што биле опфатени со тој инцидент
- Издавање на препорака до Судиската комисија за инволвираните рефери се проценети за корекција или санкции

Одговорноста е на Апелационото жири да се воздржат од вежби и јавни обвинување во преземањето акции дека тоа ќе ја расипе програмата на тој настан на било каков начин. Враќање на процесот на елиминации е последната опција за да се обезбеди фер исход.

Апелационото жири ќе назначи еден член кој усно ќе му објасни на поднесувачот дека протестот е прифатен, маркирање на оргиналниот документ со зборот ОДОБРЕНО и сите членови на Апелационото жири треба да го потпишат, пред депонирање на парите кај благајникот, кој ќе ги прати депонираните пари на поднесувачот на протестот, и ќе му ги препрати протесните документи на Генералниот Секретар.

**11. Извештај за инцидентот**

Следно во водење на инцидентот според пропишаните правила, Апелационото жири ќе продолжи и ќе го елаборира инцидент со едноставен извештај, опишувајќи ги заклучоците и основните причини зошто протестот е прифатен или одбиен. Извештајот треба да биде потпишан од сите тројца членови на Апелационото жири и го доставуваат до Генералниот Секретар.

## 12. Права и ограничувања

Одлуката на Апелационот жири е конечна, и може да биде променета само со одлука на Извршниот одбор.

13. Апелационото жири неможе да наметнува санкции или казни. Нивната функција е да дадат квалитетна одлука за протестот и отпочнуваат акции наложени од Организациониот комитет и Судиската комисија да ги поправат сите судески процедури кои се спротивни на правилникот.

***Објаснување:***

*I. Протестот мора да ги содржи имињата на натпреварувачите, Судискиот Панел кој учествувал, и* ***прецизните детали за она за кое се протестира****. Никакви општи жалби за вкупните стандарди нема да бидат прифатени како легитимен протест. Поднесувачите на жалбата треба да ја докажат оправданоста на протестот.*

*II. Протестот ќе биде разгледан од Апелационото жири, и како дел од тој преглед, жирито ќе ги проучува доказите доставени заедно односно може да ги проучува видео лентите и да ги испраша официјалните лица, заради по објективно проучување на протестот.*

*III. Ако Апелационото жири одлучи дека дека протестот е валиден, ќе се преземе соодветна мерка. Покрај тоа, сите такви мерки ќе бидат преземени за да се избегне во иднина повторна појава од таков тип на натпреварите. Депозитиот ќе биде вратен од благајникот.*

*IV. Ако Апелационото жири смета дека протестот не е валиден, истиот ќе биде поништен, а депозитот префрлен на WKF.*

*V. Одложување на борбите или натпреварите поради протестот нема да има, дури ако се подготвува официјален протест. Арбитраторот е одговорен средбите да бидат спроведени согласно Правилникот за натпревари.*

*VI. Во случај на административна грешка за време на борбата, тренерот може да го извести Контролорот на борилиштето директно. Контролорот пак го извести Реферот.*

# ПРИЛОГ 1: ТЕРМИНОЛОГИЈА

| | | |
|---|---|---|
| **SHOBU HAJIME** | Старт на натпреварот или борбата | По објавувањето на командата судијата се повлекува чекор назад |
| **ATO SHIBARAKU** | Останува уште малку време | мерачот на време дава сигнал на 15 секунди пред завршувањењето на борбата, а судијата во борилиштето објавува Atoshi Baraku |
| **YAME** | Стоп | Прекинување или крај на борбата. Заедно со објавата судијата дава истовремено отсечен сигнал со раката надолу. |
| **MOTO NO ICHI** | Почетни позиции | Натпреварувачите и судијата се враќаат на почетните позиции. |
| **TSUZUKETE** | Продолжи со борбата | Продолжение на борбата кога натпреварувачите непотребно застанале. |

| | | |
|---|---|---|
| **TSUZUKETE HAJIME** | Пропдолжение на борбата. Почнете | Судијата застанува во почетната положба.. Тој вели tuzukete ги раширува рацете со дланките отворени спрема натпреварувачите. Потоа тој вели Hajime и ги врти дланките на рацете кон натпреварувачите паралелно една на друга и истовремено прави чекор назад. |
| **SHUGO** | Повикување на судиите | Судијата во борилиштето ги повикува линиските судии за крајот на натпреварот или борбата или за донесување на одлука Шикаку. |
| **HANTEI** | Одлука | Реферот повикува за одлука на крајот на неодлужен меч. По кое судијата дава краток сигнал со свирката. Линиските судии ја објавуваат својата одлука со знаменцето, а реферот индицира со кревање на рака. |
| **HIKIWAKE** | Нерешено | Во случај на нерешен резултат судијата објавува Хикеваки. Тој ги вкрстува рацете со дланките отворени напред. |
| **AKA (AO) NO KACHI** | Црвениот (синиот) победи | Судијата ја подигнува високо раката на страната на победникот. |
| **AKA (AO) IPPON** | Црвениот (синиот) добива три поени | Судијата ја подигнува раката под агол од $45^0$ нагоре на страната на натпреварувачот кој освоил три поени. |
| **AKA (AO) WAZA-ARI** | Црвениот (синиот) добил два поена | Судијата ја подигнува раката во висина на рамената (хоризонтално) спрема натпреварувачот што освоил два поена. |
| **AKA (AO) YUKO** | Црвениот (синиот) добил еден поен | Судијата (РЕФЕРИ) ја подига раката под $45^0$ надолу од страната на тој што поентирал. |
| **CHUKOKU** | опомена | Опомена пред казна од категорија 1 и категорија 2 |
| **KEIKOKU** | Опомена | Судијата покажува прекршокот категоријата 1 или 2, потоа покажува со показалецот под агол од $45^0$ надолу во правец на прекшителот. |
| **HANSOKU-CHUI** | Опомена пред дисквалификација | Судијата покажува прекршок од категорија 1 или 2, потоа покажува со показалецот хоризонтално во насока на прекршителот . |

| | | |
|---|---|---|
| **HANSOKU** | Дисквалификација | Судијата покажува прекшок од категорија 1 или 2, потоа покажува со показалецот под агол од $45^0$ нагоре во насока на прекшителот и доделува победа на противникот. |
| **JOGAI** | Излегување од борилиштето, непредизвикано од противникот | Судијата покажува со показалецот на крајот на борилиштето кон натпреварувачот што излегол од борилиштето. |
| **SHIKKAKU** | Дисквалификација. Напушти го борилиштето. | РЕФЕРИТО покажува со показалецот под $45^0$ нагоре во насока на прекршителот, потоа покажува надвор од борилиштето на АКА, (АО) ШИКАКУ. Потоа тој го прогласува противникот за победник. |
| **SENSHU** | Предност на прв освоен поен | По прогласување на поен според правилата, рефрито ке каже Ао/Ака Сеншу додека ја држи раката со дланката свртена кон лицето на судијата |
| **KIKEN** | Ненастапување. Откажување од борба. | Су дијата покажува под агол од $45^0$ надолу спрема натпреварувачот или тимот. |
| **MUBOBI** | Отсуство на грижа за сопствената безбедност. | Судијата го допира своето лице и со движење на раката лево десно пред лицето за да покаже на судиите дека натпреварувачот не води грижа за својата безбедност. |
| **TORIMASEN** | Поништување одлуки | Поенот или одлуката е поништена. Кумите рефери или ката главен судија ги вкрстува рацете во надолно движење |

# ПРИЛОГ 2: ГЕСТИКУЛАЦИИ И СИГНАЛИ СО ЗНАМЕТО

**ОБЈАВИ И СИГНАЛИ НА СУДИЈАТА ВО БОРИЛИШТЕТО (РЕФЕРИ)**

| | |
|---|---|
| **ШОМЕН-НИ-РЕИ**<br>Рефрито ги испружува рацете со дланките напред |  |
| **ОТАГАНИ-НИ-РЕИ**<br><br>Судијата (РЕФЕРИ) ги повикува натпреварувачите да се поклонат еден кон друг |  |
| **ШОБУ ХАЏИМЕ**<br><br>**Почеток на борбата.**<br><br>По објавувањето на командата судијата се повлекува чекор назад |  |
| **JAME**<br>**Стоп.**<br><br>Прекинување или крај на борбата. Заедно со објавата судијата дава истовремено отсечен сигнал со раката надолу. |  |

| | |
|---|---|
| **СУЗУКЕТЕ ХАЏИМЕ**<br><br>**Продолжение на борбата. Почнете**<br><br>Судијата застанува во почетната положба.. Тој вели tuzukete ги раширува рацете со дланките отворени спрема натпреварувачите. Потоа тој вели Hajime и ги врти дланките на рацете кон натпреварувачите паралелно една на друга и истовремено прави чекор назад. |  |
| **YUKO (еден поен)**<br><br>Судијата ја испружува својата рака под агол од $45^0$ надолу во насока на натпреварувачот што освоил еден поен. |  |
| **WAZA-ARI (два поена)**<br><br>Судијата ја испружува својата рака во висина на рамото во насока на натпреварувачот што освоил два поени. |  |

| | |
|---|---|
| **IPPON** (три поени)<br><br>Судијата ја испружува својата рака под агол од $45^0$ нагоре во насока на натпреварувачот што освоил три поени. |  |
| **ТОРИМАСЕН/ ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКА**<br>Кога има грешка во доделување на поен или казна Судијата се врти кон натпреварувачот АКА или АО ги вкрстува рацете по што прави отсечно движење надолу за да покаже дека последната одлука се поништува. |  |
| **СЕНШУ**<br>**Прв освоен поен без притоа противникот да освои**<br>Рефрито ја држи свиткана раката кон себе, ссо раката кон натпреварувачот да иницира прв поен без притоа противникот да освои |  |
| **НО КАЧИ (победа)**<br><br>На крајот на борбата или натпреварот, судијата објавува АКА или АО победа со раката подигната под агол од $45^0$ кон победникот. |  |

| | |
|---|---|
| **КИКЕН**<br><br>**Откажување.**<br><br>Судијата покажува со показалецот кон натпреварувачот кој не излегол на борилиштето, по што прогласува победа за противникот. |  |
| **ШИКАКУ**<br><br>**Дисквалификација.**<br>**Напушти го борилиштето.**<br><br>Судијата (РЕФЕРИ) покажува со показалецот под агол од $45^0$ нагоре во насока на прекршителот, потоа покажува надвор од борилиштето на АКА, (АО) ШИКАКУ. Потоа тој го прогласува противникот за победник. |  |
| **ХИКЕВАКЕ**<br><br>**Нерешено. (Применливо само во екипни мечеви)**<br><br>Во случај на нерешен резултат судијата објавува ХАНТЕИ. Тој ги вкртстува рацете и ги отвара со дланките отворени напред. |  |
| **ВАКАРЕТЕ**<br>**Судијата покажува направрувачите да се извлечат од клинч или од стоење гради со гради ( движењето да биде иста како гестот нарпаваручачите да се вратат на стартните позиции на татамито** |  |

| | |
|---|---|
| **КАЗНА ОД КАТЕГОРИЈА 1**<br>**(употребено без понатамошен сигнал за Чукоку)**<br><br>Судијата ги вкрстува рацете во висина на рамената |  |
| **КАЗНА ОД КАТЕГОРИЈА 2**<br>**(употребено без понатамошен сигнал за Чукоку)**<br>Суидијата покажува со показалецот спрема лицето на прекршителот |  |
| **КЕИКОКУ**<br><br>Судијата покажува прекршок од категоријата 1 или 2, потоа покажува со показалецот под агол од $45^0$ надолуво правец на нозете на прекршителот. |  |
| **ХАНСОКУ ЧУИ**<br>**Опомена пред дисквалификација**<br><br>Судијата покажува прекршок од категорија 1 или 2, потоа покажува со показалецот хоризонтално во насока на стомакот на прекршителот |  |
| **ХАНСОКУ**<br><br>**Дисквалификација.**<br><br>Судијата покажува прекшок од категорија 1 или 2, потоа покажува со показалецот под агол од $45^0$ нагоре во насока на лицето на прекшителот и доделува победа на противникот. |  |

| | |
|---|---|
| **ПАСИВНОСТ**<br><br>Реферот ги ротира тупаниците меѓу себе пред градите за да иницира прекршок од втора категорија |  |
| **ПРЕКУМЕРЕН (НЕДОЗВОЛЕН) КОНТАКТ**<br><br>Судијата (РЕФЕРИ) им покажува на другите судии дека е направен прекумерен контакт. Казна од категорија 1 |  |
| **ПРЕУВЕЛИЧУВАЊЕ НА ПОВРЕДА**<br>Рефрито ги става двете дланки на лице за да им покаже на судиите казна од категорија два**.** |  |
| **ГЛУМЕЊЕ НА ПОВРЕДА**<br>Рефрито ги држи двете раце на неговата страна за да иницира категорија 2 прекршок |  |

| | |
|---|---|
| **ЏОГАИ**<br><br>**Излегување од борилиштето.**<br><br>Судијата покажува со показалецот на крајот на борилиштето кон натпреварувачот што излегол од борилиштето. |  |
| **МУБОБИ**<br><br>**Отсуство на грижа за сопствена безбедност.**<br>Судијата го допира своето лице и со движење на раката лево десно пред лицето за да покаже на судиите дека натпреварувачот не води грижа за својата безбедност. |  |
| **ИЗБЕГНУВАЊЕ НА БОРБА**<br>Рефрито прави кружно движење со прстот надолу, за да покаже на судиите прекршок од категорија 2. |  |
| **БУТКАЊЕ, ГРАБАЊЕ ИЛИ СТОЕЊЕ ГРАДИ СО ГРАДИ БЕЗ ВЕДНАШ ОБИД ЗА ТЕХНИКА ИЛИ ФРЛАЊЕ**<br>Рефрито ги држи двете тупаници стиснати во ниво на рамениците или изведува туркање со двете дланки отворени, за да покаже на судиите прекршок од категорија 2. |  |

| | |
|---|---|
| **ОПАСНИ И НЕКОНТРОЛИРАНИ НАПАДИ**<br><br>Рефрито со затворена тупаница покажува од страна на неговата глава, за да покаже на судиите прекршок од категорија 2. |  |
| **СИМУЛИРАНИ НАПАДИ СО КОЛЕНО, ГЛАВА ИЛИ ЛАКТ**<br><br>Рефрито го допира челото , коленото или лактот со отворена дланка за да им покаже на судиите прекршок од категорија 2. |  |
| **ЗБОРУВАЊЕ ИЛИ ПРОВОЦИРАЊЕ НА ПРОТИВНИКОТ И НЕПРИСТОЈНО ОДНЕСУВАЊЕ**<br>Рефрито го става прстот на уста за д аим покаже на судиите прекршок од категорија 2. |  |
| **ШУГО**<br><br>**Повикување на судиите.**<br><br>Судијата во борилиштето ги повикува линиските судии за крајот на натпреварот или борбата или за донесување на одлука Шикаку. |  |

## СУДИСКИ СИГНАЛИ СО ЗНАМИЊА

*Забелешка дека џаџ број 1 и 4 го држат црвеното знаме во десна рака а судија број 2 и 3 црвеното знаме го држат во лева рака. За ката судиите број 1, 2 и 5 го држат црвеното знаме во десна рака, а судиите број 3 и 4 во лева рака*

| | |
|---|---|
| **YUKO**<br> | **WAZA-ARI**<br> |
| **IPPON**<br> | |
| **КАЗНА**<br>**Предупредување за прекршок.**<br>Знаменцето се врти во круг по што се објавува казна од категорија 1 или категорија 2<br> | ПРЕКРШОК ОД КАТЕГОРИЈА 1<br>**Знаменцата се вкрстуваат со рацете пред себе.**<br> |

**КАЗНА ОД КАТЕГОРИЈА 2**

Судијата го дига знамето и покажува со свиткана рака





**JOGAI**

Удирање на подот со знаме



**KEIKOKU**



**HANSOKU CHUI**



**HANSOKU**



# ПРИЛОГ 3: ДОДАТНИ ПОЈАСНУВАЊА ЗА РЕФЕРИ И ЏАЏИ

Овој Додаток е наменет да им помогне на теренските и вонтеренските судии каде што можеби нема очевидна ориентација во Правилата и Објаснувањата.

## ПРЕКУМЕРЕН КОНТАКТ

Кога еден натпреварувач прави бодовна техника непосредно следена од друга што прави прекумерен контакт судиите на борилиштето не го доделува бодот и наместо тоа издава опомена или казна од категорија 1 (ако вината е на примачот).

## ПРЕКУМЕРЕН КОНТАКТ И ПРЕТЕРУВАЊЕ

Карате е боречка вештина и од натпреварувачите се очекува висок стандард на однесување. Не е прифатливо натпреварувачите, кои ќе добијат лесен контакт, го тријат лицето, шетаат и се тетерават околу, се превиткуваат, ја вадат или ја плукаат заштитната гума, и други начини на докажуавање дека контактот е голем со цел да го убедат судијата да додели поголема казна на противникот. Овој начин на однесување е нечесен и го понижува нашиот спорт; тоа мора брзо да се казни.

Кога еден натпреварувач се преправа дека примил прекумерен контакт, а судиите во борилиштето наместо тоа одлучуваат дека основната техника е контролирана, задоволувајќи ги сите шест бодовни критериуми, тогаш ќе се додели бод и ќе се издаде казна од категорија 2 за преправање или претерување. Правилна казна за преуваличување повреда кога судиите ке препознаат дека тоа е поен минимум е Хансоку а во некои случаи Шикаку. Натреварвуач не треба да биде казнет ако е издишан (губење на здив како последица од техника) или едноставно реакција на напад дури кога техниката е поен за противникот. Напреварувачите кои ќе бидат издишани како резултат на напад ке им се даде време да се соземат пред да продолжи борбата.

По тешки случаи се појавуваат кога натпреварувач ќе добие тежок контакт и ќе падне на под, понекогаш стануваат (со цел да се запрат 10 секунди) а потоа повторно паѓаат. Судиите мораат да запамтат дека техника со нога во глава носи 3 поени и голем број на тимови и индивидуални натпреварувачи добиваат финансиски награди за освоени медали тоа ја зголемуваат желбата за неетичко однесување. Важно е да се препознаат ваквите случаи и да се применат соодветни предупредувања или казни.

**МУБОБИ**
Може да се даде опомена или казна за Мубоби кога еден натпреварувач е **удрен или повреден по негова или нејзина вина или небрежност**. Ова може да се предизвика со свртување на грбот спрема противникот, напаѓајќи со долг, низок gyaku tsuki chudan без оглед на противничкиот jodan противнапад, запирајќи ја борбата пред судијата во борилиштето да викне "Yame", спуштајќи го нивниот гард или концентрација и повторниот пропуст или одбивање да се блокираат нападите на противникот. Во објаснувањето XVIII од член 8 се наведува:

*Ако прекршителот прими прекумерен контакт односно претрпи повреда, судијата во борилиштето ќе даде опомена или казна од категорија 2 и ќе одбие да даде предупредување или казна на противникот.*

Натпреварувач кој е удрен по своја вина и го претера ефектот за да ги заведе судите може да добие опомена или казна за Мубоби како и **дополнителна** казна за претерување, бидејќи се извршени два прекршока.

Треба да се напомене дека нема околности во кој една техника што направила прекумерен контакт може да добие бод.

**ЗАНШИН**
Zanshin се опишува како состојба на продолжено ангажирање во кое противникот одржува целосна концентрација, набљудување и свесност за потенцијалноста на противникот за противнапад. Некои натпреварувачи по нанесувањето на техника делумно ќе го свртат телото од противникот но сé уште ја следат и се готови да ја продолжат акцијата. Судиите во борилиштето мора да можат да прават разлика помеѓу оваа продолжена состојба на готовност и состојбата каде што натпреварувачот се оддалечил, го спуштил својот гард и концентрација и всушност престанал со борбата.

**ФАЌАЊЕ НА ЧУДАН УДАР СО НОГА**
Треба ли судиите во борилиштето да доделат поен кога еден натпреварувач задава chudan удар и противникот потоа ја фаќа ногата пред да може да се повлече?

Под услов натпреварувачот што удира одржува ZANSHIN нема причина зошто оваа техника не може да се бодира под услов истата да ги содржи сите шест критериуми за бодирање. Теоретски, во сценарио на реална борба, удар со полна сила би можел да се смета дека го онеспособил противникот и затоа ногата не би била фатена. Соодветна контрола, просторот на целта, и исполнувањето на сите шест

критериуми, се решавачки фактори за тоа дали на било која техника може да се додели бод или не.

**ФРЛАЊЕ И ПОВРЕДИ**

Бидејќи фаќањето на противникот и фрлањето е дозволено во извесни услови сите тренери се должни да обезбедат дека нивните натпреварувачи се истренирани и се способни да користат техники на заштита од паѓање и безбедно паѓање.

Натпреварувач кој се обидува со техника на фрлање мора да ги исполни условите наложени во објаснувањата во член 6 и член 8. Ако натпреварувач го фрли својот противник во целосна согласност со наведените барања и настане повреда поради тоа што противникот не се заштитил од паѓање, тогаш повредената страна е одговорна и фрлачот не треба да се казни. Самопредизвикатата повреда може да настане кога еден натпреварувач е фрлен, наместо да се заштити од паѓање, паѓа на пружена рака или лакт, или се држи на фрлачот и го влече надолу.
Потенцијална опасна ситуација се појавува натреварувач ке го фати противникот за двете нозе и ке го фрли на грб или ке клекне и ке го дигне противникот пред да го фрли. Со овие техники  не може да се осигура безбедно фрлање, затоа  спаѓаат во забранети.

**ПОЕНТИРАЊЕ НА ПАДНАТ ПРОТИВНИК**

Кога натпреварувач е фрлен или кога не на своите стопала и е поентирано врз нив кога торзото (горен дел од телото) е на татами тогаш поенот ќе биде ипон. Ако натправарувачот е удрен со техника додека всушност паѓа, судиите треба да земат во предвид правецот на паѓање доколку натпреварувачот паѓа во спротивно од техниката ќе се констатира дека техниката е неефиктивна и нема да се додели поен. Доколку горниот дел на натпреварувачот нема да биде на татами кога ефективна техника ќе се направи, во тој случај ќе се додели поен како што е објаснето во член 6. Тогаш поените доделени кога натпреварувачот е во момент на паѓање, седи, клечи, станува, или скока во воздух, и сите ситуации кога торзото не е на татами ќе следи:

1. Удар со нога во глава, три поени (ИПОН)
2. Удар со нога во тело, два поени (ВАЗАРИ)
3. Цуки и Учи, еден поен (ЈУКО)

**ПРОЦЕДУРА НА ГЛАСАЊЕ**

Кога рефрито ќе ја запре борбата тој ќе викне Јаме и во исто време ќе го употреби пропишаниот знак со рака. Кога рефрито ќе се врати на стартната линија, џаџите ќе го покажат своето мислење за поени или џогаи или по барање на реферот ќе донесат одлука за други забранети техники. Реферот ќе ја донесе одлуката соодветно. Бидејќи реферот е

единствен кој може да се движи околу татамито, директно им приоѓа на натпреварувачите и зборува со докторот, џаџите мораат сериозно да земат во предвид што рефрито комуницира со нив пред да ја дадат финалната одлука. Повторно изјаснување не е дозволено. Во ситуација кога има повеќе од една причина за запирање на мечот рефрито ќе се соочи со секоја ситуација посебно. На пример, доколку има поен од еден наптреварувач и контакт од друг, или ако постои МУБОБИ и преуваличување на повредата од истиот натпреварувач.

Кога се употребува видео преглед, панелот за видео преглед ке ја смени одлуката само доколку двајцата се согласни. По прегледот тие веднаш ке му ја соопштат одлуката на Рефрито кој ке ја објави промената на првичната одлука, доколу е применлива.

## JOGAI

Џаџите мораат да запаметат дека кога покажуваат Јогаи треба да удрат на подот со соодветното знаме. Кога рефрито ќе го запре нападот и ќе се врати на своето место тие потоа треба да покажат прекршок од категорија 2.

## ИНДИКАЦИЈА НА ПОВРЕДИ НА ПРАВИЛАТА

За повреди од категорија 1 страничните судии треба ги истакнат вкрстените знамиња лево за Ака, ставајќи го црвеното знаме напред, и десно за АО, ставајќи го синото знаме напред. Ова му овозможува на рефрито јасно да види кој натпреварувач се смета за прекршител.

# ПРИЛОГ 4: ЗНАЦИ ЗА ПИШУВАЊЕ НА ПОЕНИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| ○—● | **IPPON** | **Три поени** |
| ● | **WAZA-ARI** | **Два поени** |
| ○ | **YUKO** | **Еден поен** |
| ✓ | **SENSHU** | **Предност од прв освоен поен** |
| □ | **Kachi** | **Победник** |
| **X** | **Make** | **Поразен** |
| △ | **Hikiwake** | **Нерешено** |
| | | |
| **C1C** | **Category 1 Foul — chukoko** | **Опомена** |
| **C1K** | **Category 1 Foul — Keikoku** | **опомена** |
| **C1HC** | **Category 1 Foul — Hansoku Chui** | **Опомена пред дисквалификација** |
| **C1H** | **Category 1 Foul — Hansoku** | **Дисквалификација** |
| | | |
| **C2C** | **Category 2 Foul — Chukoko** | **Опомена** |
| **C2K** | **Category 2 Foul — Keikoku** | **опомена** |
| **C2HC** | **Category 2 Foul — Hansoku Chui** | **Опомена пред дискфалификација** |
| **C2H** | **Category 2 Foul — Hansoku** | **Дисквалификација** |
| | | |
| **KK** | **Kiken** | **Пораз поради откажување** |
| | | |
| **S** | **Shikkaku** | **Дисквалификација од натпреварот** |

# ПРИЛОГ 5: ПЛАН НА БОРИЛИШТЕТО ЗА КУМИТЕ




Judge 2
Judge 3
AO
AKA
Referee
Judge 1
Judge 4

# ПРИЛОГ 6: ПЛАН НА БОРИЛИШТЕТО ЗА КАТА



# Прилог 7: Карате Кимоно

График на одобрени реклами на карате кимоното.




ADVERTISING SPACE FOR WKF, size 20 x 10 cm.

ADVERTISING SPACE FOR N.F., size 15 x 10 cm.

Karate 124 — BACK RESERVED FOR ORGANISING FEDERATION, size 30 x 30 cm.

* EMBLEM OF THE NATIONAL FEDERATION, size 12 x 8 cm.

✓ SPACES FOR THE MANUFACTURERS TRADEMARK, size 5 x 4 cm.

